Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 270, 1 февруари 2021 година

февруари 2021 година
Штип

# СОДРЖИНА

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ТРАУМАТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 3

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ 60910 ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ САКСОФОН И 60916 ЏЕЗ АНСАМБЛ НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 10

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ СЕМЕЈНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 16

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ДИРИГИРАЊЕ И КОМПОЗИЦИЈА И ЏЕЗ АНСАМБЛ НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 29

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ОПШТО И СПЕЦИЈАЛНО ГРАДИНАРСТВО” ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р ДАНИЕЛА ДИМОВСКА, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ 39

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „МЕНАЏМЕНТ НА КВАЛИТЕТОТ ВО ТУРИСТИЧКАТА ИНДУСТРИЈА” ОД ПРОФ. Д-Р ЕЛИЗАБЕТА МИТРЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ 42

ПРЕГЛЕД НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО - НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА ........ 47

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска Атанасовска
Техничко уредување: Кире Зафиров
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ТРАУМАТОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на член 110 и член 173 од Законот за високо образование на Р. Македонија (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), а согласно со Правилникот за посебните услови и постапката на избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип и по завршувањето на рокот за пријавување, за пријавениот кандидат на Конкурсот за избор на насловен доцент/насловен вонреден професор за наставно-научната област трауматологија (30308) – еден извршител на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, според Конкурс од 5-6.9.2020 година, објавен во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“, Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип на својата седница одржана на 24.9.2020 година со Одлука нè определи за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент/насловен вонреден професор за пријавениот кандидат д-р Константин Митев, за наставно-научната област трауматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- **д-р Игор Кафтанциев,** хирург, редовен професор за наставно-научна област трауматологија, вработен на ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар - Скопје - претседател;
- **д-р Славчо Стојменски,** хирург, редовен професор за наставно-научна област трауматологија, вработен на ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар - Скопје - член;
- **д-р Андреа Арсовски,** тораковаскуларен хирург, насловен вонреден професор на Медицински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, вработен во ПЗУ Ремедика, Скопје – член.

Врз основа на приложената документација од кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Кандидатот доц. д-р Константин Митев навремено и уредно ги достави сите документи кои се бараат во Конкурсот односно:

- Пријава;
- Уверение за државјанство;
- Кратка биографија;
- Список на стручни трудови;
- Примерок од трудовите;
- Потврда за рецензија на книгата и примерок;
- Уверение за положени испити на додипломски студии на Медицински факултет;
- Диплома за завршени додипломски студии;
- Потврда за положени испити од магистерски студии на Медицински факултет;
- Диплома за завршен втор циклус студии на Медицински факултет;
- Уверение за познавање странски јазик;
- Уверение за супспецијалист трауматолог;
- Примерок од магистерски и докторски труд;
- Останати сертификати, потврди и документи.

**Биографски податоци**

Д-р Константин Митев е роден на 11.5.1973 година во Скопје. Основно и средно образование завршува во Скопје со одличен успех. Се запишува на Медицински факултет во Скопје во 1991 година, како прва генерација по шестгодишна студиска програма. Дипломира во 1997 година со просечна оценка од 8.5. Во 1998 година е примен во редовен работен однос во Градска хируршка болница „Св. Наум Охридски“ – Скопје. Специјализација по општа хирургија добива во 2001 година и специјалистичките турнуси поминува според курикулумот на Медицинскиот факултет. Специјалистичкиот испит го положува во април 2005 година од кога работи како специјалист хирург на Одделението за трауматологија во Градската хируршка клиника. Во учебната 2001-2002 запишува постдипломски студии од областа на трауматологија и истите ги завршува со просечна оценка 10,0. На 27 април 2007 година се здобива со звањето асистент на Катедрата по хирургија на Медицинскиот факултет - Скопје. Во 2010 година со одбрана на својот магистерски труд на тема „Артроскопска евалуација на лезиите на артикулирачка ‘рскавица на колениот зглоб” се стекнува со звање магистер на медицински науки. Во февруари 2012 година стапува во редовен работен однос со Специјалната болница „Филип Втори“ во Скопје. Во октомври 2012 година е на стручен престој во Клиниката за ортопедија и трауматологија „Акромион“ - Р.Хрватска. Во 2012 год. се здобива со звање асистент од областа на хирургијата на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип. Во мај 2013 г. во Торонто, Канада, е избран во Комитет на ИСАКОС како координатор за Источна Европа.

Во јануари 2014 година започнува со супспецијализација по трауматологија на Медицинскиот факултет во Скопје. Во јули 2014 година ја брани докторската дисертација со наслов „Евалуација на клиничките резултати со техниката на артроскопско микрофрактурирање во третманот на комплетните оштетувања на зглобната ‘рскавица на коленото” на Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

Во 2015 година е избран во наставно звање доцент од областа на хирургијата -трауматологијата на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Во 2016 година го положува супспецијалистичкиот испит од областа на трауматологијата и станува супспецијалист по трауматологија. Во 2018 станува член на Комисијата при Лекарска комора на Република Македонија за акредитација и сертификација на студентите на Медицински факултет.

**Список на релевантни печатени трудови во последните 5 години**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Konstantin Mitev, Dashurie N, E.Stoicovski, Z.Mitrev | Surgical plate fixation of multiple rib fractures: Case report | Journal Med Case Report | 2018 |
| 2 | Konstantin Mitev, G.Zafiroski, S.Mladenovski, Lj.Nikolov | Arthroscopic Reduction and Percutaneous Osteosynthesis of Tibial plateu Fractures | Open access MjMsci | 2019 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Konstantin Mitev Longurov A | Intra-articular Platelet-rich Plasma injections for treating Knee pain associated with articular cartiage and degenerative meniscal lesions | Open Access MjMsci | 2019 |
| 4 | Konstantin Mitev G.Zafiroski, S.Mladenovski Lj.Nikolov | Surgical Outcomes after Fixation of Acromioclavicular Joint dislocation with hook plate and coracoacromial ligament transfer technique | Open Access Maced J Med sci | 2019 |
| 5. | Konstantin Mitev G.Zafiroski, S.Mladenovski Lj.Nikolov | Arthroscopic assisted percutaneous screw fixation of pylon fracture. Case report | JMS | 2019 |
| 6. | Lj.Nikolov Savevski Konstantin Mitev S.Mladenovski Kaftandziev | Radiographic methods and measurements parameters in thoracolumbar fractures | Physioacta | 2020 |

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

**Наставно-образовна дејност**

Во 2008 година е избран за асистент на Катедрата за хирургија на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Оценката од евалуацијата на студентите, спроведена од 2010/2011 година, е позитивна.

Во 2012 година е избран за асистент на Катедрата по хирургија на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, каде што учествува во практична настава на предметот Хирургија од сите студиски програми акредитирани на Факултетот за медицински науки.

Активно учествува во работата на школи и семинари од областа на трауматологијата и ортопедијата во земјава и во странство.

Во 2015 година е избран за доцент по трауматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. По изборот во доцент започнува со теоретска настава од областа на хирургијата и трауматологијата и тоа на предметите Хирургија 1 и 2 за Општа медицина, предметот Општа хирургија за Стоматологија, Ортопедија со трауматологија на Сестри-акушерки и предметот Инструментирање и асистирање на Сестри-инструментарки.

Во 2016 година го положува супспецијалистичкиот испит по трауматологија и станува супспецијалист хирург трауматолог.

Во текот на својата научноистражувачка дејност, автор и коавтор е на 38 стручни и научни трудови од областа на трауматологијата и ортопедијата, активен учесник е на научно/стручни собири со меѓународно учество, активно учествува и на повеќе научни симпозиуми и конгреси во земјава и во странство со орални и постер презентации на трудови од областа на трауматологијата и ортопедијата.

Активен учесник е на Европскиот конгрес од спортска медицина (ЕССКА), одржан во Барселона, 2016 година, како претставник на МАДОТ, каде што учествува како предавач на симпозиум од област на дегенеративни менискални лезии.

Во 2018 година како дел од Организациски одбор на Меѓународниот конгрес на

ортопеди и трауматолози, одржан во Охрид, Р.Македонија, одржува предавања од областа на артроскопски асистирани остеосинтези на зглобни скршеници.

Истата година во Нови Сад, Р.Србија, се претставува со трудот „Хируршки резултати после хируршка фиксација на акромиоклавикуларен зглоб на рамото".

Активен учесник е на Европскиот конгрес (ЕФОРТ) одржан во Лисабон, Португалија, во 2019 година, каде што учествува и на работилници од артроскопија и третман на зглобна ҏскавица на скочен, колен и рамен зглоб.

Во 2020 година има активно присуство на онлајн вебинари организирани од интернационалните асоцијации за ортопедија и трауматологија како ЕССКА, ИСАКОС, СИКОТ од областа на инфекции во ортопедијата, роботска ортопедија, артроскопски третман на рамо, скочен зглоб, колено и рачен зглоб.

Во сегментот на публикација на учебни помагала како коавтор издава книга со наслов „Хируршка пропедевтика" во која се прикажани основните дијагностички постапки за евалуација на клиничката состојба на пациентите. Книгата е наменета за студентите на Општа медицина, Стоматологија, како и за високите школи за медицински сестри.

Во последните 5 години публикува 6 труда, од кои 4 со оригинални научни резултати во научни/стручни списанија и 2 труда во референтни научни/стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор.

1. **Константин Митев;** Незири Д., Емил С., Митрев Ж.; Хируршка фиксација на скршени ребра со плочки кај политрауматизиран пациент; JMed Case Report 2018

Трудот е приказ на случај кој ја прикажува предноста на новата метода на третман на скршеници на ребра кај политрауматизиран пациент. Методот се состои во оперативна фиксација на ребрата со реконструктивни плочки кои даваат стабилност на градниот кош и можност за брза вертикализација на пациентот и подобрување на сите витални параметри набрзо после интервенцијата. Нотирани и евалуирани се сите параметри пред и по оперативниот третман.

2. **Константин Митев;** Лонгуров А.; Интраартикуларна апликација на плазма богата со тромбоцити во коленото придружена со ҏскавично и менискално оштетување; Open Access MjMSci 2019

Овој прегледен труд ги обработува и евалуира клиничките симптоми кај пациенти кои примиле плазма богата со тромбоцити во коленото поради менискални и ҏскавични оштетувања на колениот зглоб. Во трудот се користени скали за евалуација на резултати во прviот и шестиот месец по интраартикуларната апликација на ПРП. Нотирани се сигнификатни подобрувања во функционалните скорови во овие два временски рокови.

3. **Констатин Митев,** Зафировски Г., Младеновски С., Николов Љ.; Артроскопска репозиција и перкутана остеосинтеза на платотибијални фрактури; Open Access MjMSci 2019

Овој прегледен труд ги покажува предностите на артроскоспакиот третман на платотибијалните фрактури во однос на класичниот отворен оперативен третман.

Нотирани се предностите во визуелизација на придружните повреди во коленото, можноста за нивна егзактна дијагностика и третман, мал оперативен рез, минимална дисцизија и оштетување на околни ткива како и можноста за побрза рехабилитација.

4. **Констатин Митев,** Зафировски Г., Младеновски С., Николов Љ.; Артроскопска асистирана остеосинтеза на пилон фрактура; Journal of morphological science 2019

Овој приказ на случај ја прикажува новата метода на артроскоски асистирана остеосинтеза каде со помош на артроскопија се прави затворена репозиција на фрагментите на дисталната тибија и нејзина фиксација со шрафови по РТГ мониторирање. Со оваа техника е можен третман на зглобната ҏскавица, синовектомија, секвестректомија и дебридман интраартикуларно без отворен пристап.

5. **Констатин Митев,** Зафировски Г., Младеновски С., Николов Љ.; Хируршки резултати после фиксација на акромиоклавикуларен зглоб со hook-плочка; Open Access MjMSci 2019

Овој прегледен труд дава приказ на оперативен третман на акромиоклавикуларна дијастаза на рамениот зглоб со плочка со кука. При овој третман се прави и транспозиција на коракоакромииалниот лигамент кој се фиксира на клавикулата. Со тоа се подобруваат клиничките резултати според функционалните скорови. Во трудот не се опишани компликации при оваа метода.

6. Љупчо Николов, **Константин Митев,** Савевски А., Младеновски С., Кафтанџиев И.; Радиографски методи и мерни параметри кај тораколумбарни фрактури: PhysioActa 2020

Овој прегледен труд ги опишува предоперативните мерања и иследувања кои се непходни за егзактна дијагностика евалуација за промените на 'рбетниот столб. Се прави компаративна студија на рентгенолошки иследувања, компјутерска томографија и магнетна резонанца во мерењето на параметрите за предоперативна дијагностика на деформитетите на 'рбетниот столб.

Кандидатот доц. д-р Константин Митев е рецензент во две стручни списанија и тоа „Акта морфологија анатомика“ и Списание за морфолошки науки „JMC“.

Доц. д-р Константин Митев е член на Комисијата при Лекарска комора на Македонија за лиценцирање и сертифицирање на студентите на државните медицинските факултети.

| 1. | **Наставно-образовна дејност** | број | поени |
|---|---|---|---|
| | Избор во звање доцент<br><br>2008-2014: 3 (часанеделно)x 3(групи)x 15 (недели) x 0,03 | 30 | |
| | **вкупно** | **30** | |
| **2** | **Научноистражувачка дејност**<br><br>2008-2012: 3 (групи) x 20(студенти) x 0,03 | | |
| | Научен труд објавен во меѓународно списание со импакт фактор | 15 | |
| | Научен труд со објавен во списание со меѓународен уредувачки одбор - прв автор | бр.4 | 36 |
| | Научен труд со објавен во списание со меѓународен уредувачки одбор - останат автор | 1 | 3 |
| | Труд со оригинални научни резултати на научен собир со реферат објавен во зборник во странство | 2 | 6 |
| | Учество на научен собир со реферат со меѓународно учество во земјава | 1 | 3 |
| | Пленарно предавање на научен собир во странство | 1 | 6 |
| | Пленарно предавање на научен собир во земјава | 1 | 3 |
| | Член на организациски одбор на научен собир | 3 | 3 |
| | Рецензент на научен труд | бр.2 | 3 |
| | Одбранета супспецијализација | | 6 |
| | **Вкупно:** | | **84** |

| | **Стручно-апликативна дејност** | **поени** |
|---|---|---|
| | | |
| | Книга/ учебник | 10 |
| | Пленарни предавања на стручен собир во земјава | 4 |
| | Член на Комисија за акредитација и сертификација на студенти од државните факултети под Лекарска комора на Македонија | 2 |
| | Учество на стручен собир | 16 |
| | **Вкупно:** | **32** |

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р.бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р.бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **84** |
| | | | | | | |
| **Р.бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **32** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **146** |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на извршениот увид во доставената документација, образецот кон извештајот за избори, досегашното познавање на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатот, како и извршената рецензија на доставените стручно-научни трудови, Рецензентската комисија цени дека кандидатот ги исполнува условите предвидени за избор на наставник во насловно звање насловен вонреден професор за наставно-научна област трауматологија, согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев –Штип да го избере насловниот доцент д-р Константин Митев во звањето насловен вонреден професор по предметот Трауматологија на Факултетот за медицински науки во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Игор Кафтанџиев, редовен професор, претседател, с.р.

Д-р Славчо Стојменски, редовен професор, член, с.р.

Д-р Андреа Арсовски, насловен вонреден професор, член, с.р.

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ 60910 ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ САКСОФОН И 60916 ЏЕЗ АНСАМБЛ НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука број 1402-69/8 од 23.9.2020 година донесена на 68. седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичка академија, одржана на 23.9.2020 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научните области 60910 видови на инструменти – саксофон и 60916 џез ансамбл на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

– **- м-р Сашо Поповски, вонреден професор за наставно-научната област видови на инструменти џез гитара, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;**
– **- м-р Ѓеорги Мицанов, редовен професор од наставно-научната област саксофон, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член;**
– **- д-р Ангеле Михајловски, редовен професор од наставно-научната област видови на инструменти - пијано, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.**

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“, на 5.9.2020 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Кирил Кузманов, насловен доцент на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научните области џез саксофон и џез ансамбл.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, Рецензентската комисија констатираше дека се доставени сите потребни документи, согласно со објавениот Конкурс, и чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

Кандидатот м-р Кирил Кузманов завршува во ОУ „Гоце Делчев“ во Штип 1993/1994-2000/2001 година и Основно музичко училиште во Штип (отсек Флејта, класа на проф. Миле Серафимов) 1995/1996- 2000/2001 година.

Средно музичко училиште завршува во Штип (отсек Саксофон, класа на проф. Гоце Мицанов) 2001/2002 -2004/2005 година.

Дипломира на Универзитетот за музичка и драмска уметност „Kunst Univesitat Graz“ во Австрија (отсек Џез саксофон, класа на проф. Карлхајнц Миклин) со просек 9,2 (2005/2006-2009/2010 година).

Постдипломски (магистерски) студии завршува на Универзитетот за музичка и драмска уметност „Kunst Univesitat Graz“ во Австрија (отсек Џез саксофон, класа на проф. Карлхајнц Миклин) со просек 9,6 (2010/2011 и 2011/2012 година). Тема на магистерскиот труд „The Music of Dick Oatts“.

За време на периодот на едукација учествува на повеќе натпревари, семинари и мастеркурсеви кај еминентни светски педагози, од кои се издвојуваат: Боб Минцер, Дик Оутс, Џери Бергонзи, Џим Снидеро, Џими Коб, Адам Нусбаум, Луис Диего Бониља, Лари

Голдингс, Бил Стјуарт, Боб Брукмаер, Џон Аберкромби, Дејв Либман, Мигуел Зенон, Дон Менза, Џеф Балард, Били Харт и други.

Во 2009 година учествува на IASJ JAZZ MEETING 2009, кој се одржува во Луцерн, како претставник на Џез академијата од Грац. На семинарот присуствуваат најдобрите студенти и професори на џез академиите од цел свет под водство на Дејв Либман. Член е на повеќе музички состави со кои снима бројни композиции и албуми:

- Кирил Кузманов квартет;
- Jim Rotondi Electric Band;
- HGM Jazz Orchester Zagreb;
- SCURDIA Markus Schirmer&Friends;
- La Cherga;
- Irina Karamarkovic Band;
- Тони Китановски биг бенд;
- Влатко Стефановски бенд;
- Mathias Ruppnig 5tet;
- Vesna Petkovic Band;
- Гоце Стевковски септет;
- Dave Wilson 7;
- Зоран Маџиров бенд;
- Даниел Чачија бенд;
- Tavitjan Brothers Band;
- Lars Johanson Band;
- ЗЏМ биг бенд;
- Кукурек ансамбл;
- Тони Китановски Панда 5.

Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор од областа на уметноста за стручно-уметничките предмети

Насловен доцент од научната област во која се избира со диплома за завршено соодветно високо образование од втор степен.

Кандидатот м-р Кирил Кузманов е избран во звањето насловен доцент на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научните области саксофон и џез ансамбл на 20.1.2016 година од страна на Наставничкиот совет на МА во Штип сметано од 21.1.2016 до 21.1.2021 година.

Признаени уметнички и стручни претставувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјава

Изведба на шест целовечерни концерти (во земјава или странство):

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот | Место и датум на изведба |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Кирил Кузманов со “Eddie Luis and his Jazz Passengers” | целовечерен концерт | ‘Take Five- Tribute to Dave Brubeck’ | ‘Café AKTE’ FURSTENFELD, AUSTRIA 23.11.2019 |
| 2 | Кирил Кузманов со “Eddie Luis and his Jazz Passengers” | целовечерен концерт | Take Five- Tribute to Dave Brubeck | ‘ZENTRUM’ FELDBACH AUSTRIA 24.11.2019 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Кирил Кузманов со “Eddie Luis and his Jazz Passengers” | целовечерен концерт | ‘Live at the Half Note’ | ‘CCW STAINACH, AUSTRIA<br><br>20.03.2019 |
| 4 | Кирил Кузманов со “Eddie Luis and his Jazz Passengers | целовечерен концерт | ‘Live at the Half Note’ | ‘STOCKWERK JAZZ’ GRAZ AUSTRIA<br><br>21.03.2019 |
| 5 | Кирил Кузманов со “Eddie Luis and his Jazz Passengers feat Stjepko Gut | целовечерен концерт | ‘Stjepko Gut is the BEST’ | ‘MEINZ BAR’ VIENNA, AUSTRIA<br><br>23.11.2018 |
| 6 | Кирил Кузманов со “Eddie Luis and his Jazz Passengers feat Stjepko Gut | целовечерен концерт | ‘Stjepko Gut is the BEST’ | “KAMERLICHTSPIELE’ Klagenfurt, AUSTRIA<br><br>24.11.2018 |

Покажал способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност:

-м-р Кирил Кузманов покажува способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност; успешно изведува настава на додипломските студии на Вокално-инструменталниот оддел (Џез студии) при Музичката академија во Штип по Џез саксофон и Џез ансамбл.

Има придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници:

-м-р Кирил Кузманов има придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници; дипломираните студенти веќе активно учествуваат и работат со повеќе бендови и оркестри во Одделот на џез музиката, како во државата така и надвор од неа.

Има издадено најмалку една рецензирана скрипта во електронска верзија по предметот за кој се избира од соодветната научна област и практикум со вежби од истиот предмет:

-м-р Кирил Кузманов има издадено скрипта со наслов „Џез саксофон – напредна импровизација и вежби“ .   http://eprints.ugd.edu.mk/26954/.

Има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветни единици на Универзитетот:

-м-р Кирил Кузманов има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветните единици на Универзитетот.

Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=30; (НИ)=38; (САОР)=7 или вкупно 75 поена.

**Наставно-образовна дејност**

Кандидатот како реномиран уметник на интернационалната сцена од 2013 година е ангажиран како стручњак од пракса при изведба на настава и вежби по уметничките области/предмети Саксофон и Џез ансамбл.

Кандидатот покажува високо стручно ниво во реализацијата на наставата, се стреми кон применување на нови инвентивни методи кои се темелат на досегашното стручно и уметничко искуство.

**Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности:**

- Концерт во Фурстенфелд, Австрија, Еди Луис Џез Песенџерс 23.11.2019 година http://eprints.ugd.edu.mk/26994/
- Концерт во Фелдбах, Австрија, Еди Луис Џез Песенџерс 24.11.2019 година http://eprints.ugd.edu.mk/26995/
- Концерт во Штајнах, Австрија, Еди Луис Џез Песенџерс 20.11.2019 година http://eprints.ugd.edu.mk/26977/
- Концерт во Грац, Австрија, Еди Луис Џез Песенџерс 21.11.2019 година http://eprints.ugd.edu.mk/26979/
- Концерт во Котор, Арт Фестивал, Гоце Стевковски квартет 28.07.2019 година http://eprints.ugd.edu.mk/26980/
- Концерт во Ригерсбург, Австрија, Еди Луис Џез Песенџерс 21.11.2018 година http://eprints.ugd.edu.mk/26981/
- Концерт во Филхармонија Скопје, Р.С Македонија – ЗЏМ И ФИЛХАРМОНИЈА 12.12.2017 година http://eprints.ugd.edu.mk/26982/
- Концерт во Штајнах, Австрија, Еди Луис Џез Песенџерс 11.4.2018 година http://eprints.ugd.edu.mk/26983/
- Концерт во Клагенфурт, Австрија, Еди Луис Џез Песенџерс 22.11.2019 година http://eprints.ugd.edu.mk/26985/
- Концерт во Грац, Австрија, Еди Луис Џез Песенџерс и Степко Гут 22.11.2018 година http://eprints.ugd.edu.mk/26986/
- Концерт на Скопје Џез Фестивал, Џијан Емин "Magical orchestra" 19.10.2019 година http://eprints.ugd.edu.mk/26987/
- Концерт во Клагенфурт, Австрија, Еди Луис Џез Песенџерс 22.03.2019 година http://eprints.ugd.edu.mk/26984/
- Концерт во Грац, Австрија, Еди Луис Џез Песенџерс 12.04.2018 година http://eprints.ugd.edu.mk/26988/
- Концерт во Штајнах, Австрија, Еди Луис Џез Песенџерс 20.03.2019 година http://eprints.ugd.edu.mk/26996/
- Концерт во Грац, Австрија, Еди Луис Џез Песенџерс 21.03.2019 година http://eprints.ugd.edu.mk/26997/
- Концерт во Виена, Австрија, Еди Луис Џез Песенџерс и Степко Гут 23.11.2018 година http://eprints.ugd.edu.mk/26998/
- Концерт во Клагенфурт, Австрија, Еди Луис Џез Песенџерс 24.11.2018 година http://eprints.ugd.edu.mk/26999/
- Концерт во Скопје, Скопје џез фестивал со Тони Китановски Панда 5 21.10.2018 година http://eprints.ugd.edu.mk/27000/
- Концерт во Клагенфурт, Австрија, Еди Луис Џез Песенџерс 13.4.2018 година http://eprints.ugd.edu.mk/27001/

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатот како активен музичар снимил неколку авторски ЦД, како и ЦД во соработка со познати артисти и џез формации.

ЦД "Homage to A Dreamer", Гоце Стевковски Септет, SJF Records 2018 http://eprints.ugd.edu.mk/26990/

ЦД "Big City Scare", Panda 5, SJF Records 2018 http://eprints.ugd.edu.mk/26989/

ЦД "On The Face Place", CSPS Ensemble, SkyDeck Music 2016 http://eprints.ugd.edu.mk/26991/

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование на Р. Македонија и Правилникот за критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Рецензентската комисија го донесе следниов заклучок и предлог:

Врз основа на доставената документација и целокупната наведена активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека м-р Кирил Кузманов ги исполнува сите предвидени услови за избор во насловно звање вонреден професор по наставно-научната и уметничка област видови на инструменти - саксофон и џез ансамбл на Музичката академија, наведени во Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Кандидатот преку остварените досегашни активности покажа способности за извршување наставно-образовната функција, за стручно-уметничка активност (концертирање) и за организациско-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев“.

**Задоволство ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет усвојување на нашиот заклучок и кандидатот м-р Кирил Кузманов да го избере во насловно звање вонреден професор за наставно-научните и уметнички области видови на инструменти - саксофон и џез ансамбл на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Сашо Поповски,** вонреден професор за наставно-научната област видови на инструменти џез гитара, Музичка академија, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател, с.р.

**М-р Ѓеорги Мицанов,** редовен професор од наставно-научната област саксофон, Музичка академија, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член, с.р.

**Д-р Ангеле Михајловски,** редовен професор од наставно-научната област видови на инструменти - пијано, Музичка академија, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | Број | поени | број | поени | |
| 4 | Избор во звање насловен доцент | 30 | | | | 30 |
| | ВКУПНО | | | | | 30 |
| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| | | | | | | |
| 6. | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба<br><br>19 целовечерни концерти (3 концерти во земјава и 16 концерти во странство) | 3x3 | 9 | 16x6 | 96 | 105 |
| 12. | Одбранета магистерска теза | 1x4 | 4 | | | 4 |
| | ВКУПНО | | | | | 109 |
| | | | | | | |
| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 1. | Книга/ЦД (издаден аудио компакт диск) | 3x10 | 30 | | | 30 |
| | ВКУПНО | | | | | 30 |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **169** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ СЕМЕЈНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1102-86/6 од 23.9.2020 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 23.9.2020 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на насловен вонреден професор за наставно-научната област семејно право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

– **д-р Дејан Мицковиќ,** редовен професор, претседател;
– **д-р Ангел Ристов,** вонреден професор на Правен факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, член,
– **д-р Игор Камбовски,** редовен професор на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ на 5-6.9.2020 година и во предвидениот рок, единствено, се пријави кандидатот доцент д-р Јован Андоновски.

Пријавата внимателно ја разгледавме и утврдивме дека кандидатот д-р Јован Андоновски, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во комплет ги има доставено следниве документи: 1. Пријава; 2. Диплома за завршено соодветно образование; 3. Уверение за положени испити од прв, втор и трет циклус на студии; 4. Кратка биографија; 5. Список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од трудовите; 6. Потврда за служење со странски јазик; 7. Препораки од професори; 8. Потврда од претходен работодавец; 9. Примерок од докторскиот труд; 10. Уверение за државјанство и 11. Друга дополнителна документација.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Д-р Јован Андоновски е роден на 18 јануари 1980 г. во Скопје, Република С. Македонија. Основно училиште завршува во Скопје, во 1994 година. Матурира во Средното стручно економско-правно училиште „Васил Антевски Дрен“ во 1998 година, Правна насока, како првенец на генерацијата. Во истата година се запишува на Правниот факултет „Јустинијан Први“. Дипломира во 2004 година на правни студии. За време на студиите има специјалистички студиски престој во странство („Јагиелонски Универзитет“ во Краков, Р. Полска). Во 2010 година магистрира на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при државниот Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје со просек 9,8 (насока: Римско право и приватно правна традиција) на тема „Правната положба на перегрините во римското право и на странците денес“. Од октомври 2011 година е студент на докторски студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ на Катедрата по римско право и приватно правна традиција. Студиите ги завршува со одличен успех, во редовен рок со просек 9,9. Докторира во јануари 2015 година на тема „Улогата на римската во развојот на современата правна реторика“.

За време на студиите е корисник на стипендии на Фондацијата „Кралица Јадвига“ – „Јагиелонски Универзитет“ во Краков (двосеместрален специјалистички студиски престој во Р. Полска во областа на меѓународното право и меѓународната политика) и на Фондацијата „Конрад Аденауер“ од СР Германија.

Тој е активен организатор на семинари и образовни обуки од областа на правните и политичките науки. Има спроведени предавања во Р. Македонија (во основни, средни и високообразовни институции), како и надвор од Р. Македонија: во Штутгарт, Лајпциг и Дрезден, СР Германија, Виена, Р. Австрија и земјите од соседството, на теми од областа на правото, политиката и Европската Унија.

Во текот на студиите, како и по дипломирањето, има постојан работен ангажман (Национален демократски институт – Програма за практиканти во Собрание на Р. Македонија, адвокатски приправник, Централен регистар на РМ – раководител на Одделение за план и развој и заменик-директор, Министерство за надворешни работи – раководител на Одделение за билатерална соработка со европски држави и прв секретар во Амбасадата на Р. Македонија во Виена, Секретаријат за европски прашања – државен советник и државен секретар, заменик-народен правобранител.

Учествува во реализација на неколку научноистражувачки проекти од кои ги издвојуваме: Tempus: EU Industrial Property Law – Institution Buildings и Tempus: Regional Joint Degree Master of Intellectual Property Law.

Во досегашниот работен век учествува во реализација на голем број самостојни или колективни проекти во различни области. Од позначајните искуства ги издвојуваме: учество во развојот на едношалтерскиот систем во Централниот регистар на Р. Македонија и понудата на нови услуги (воведување на нови регистри); учеството на голем број на билатерални и мултилатерални настани како претставник на Р. Македонија во рамки на работниот ангажман во МНР и прв секретар во Амбасадата на Р. Македонија во Виена, Р. Австрија. Во својство на државен секретар за европски прашања учествува во процесот на стекнување со визната либерализација за граѓаните на Р. Македонија, добивање на првиот позитивен извештај на Европската комисија со препорака за почеток на преговорите и шест последователни позитивни извештаи; усогласени преку петстотини национални законски и подзаконски акти со правото на Европската Унија; акредитација за децентрализирано управување со ИПА фондовите на ЕУ; претседавал со Комитетот за стабилизација и асоцијација, како форма на билатерален дијалог на Р. Македонија со ЕУ; претседава со Специјалната група за реформа на јавната администрација; учествува во изработката на Стратегијата за реформа на јавната администрација во Р. Македонија; учествува во изработката на анализа на преговарачка структура на Р. Македонија со ЕУ; анализа на степенот на усогласеност на домашното со законодавството на ЕУ во поглавјата 23 и 24; СЕП стана прва институција со стекната акредитација за ИСО Стандарди на централно ниво во Р. Македонија; воспоставен ЕУ и ИПА тренинг центар за македонската администрација и многу други.

Како предавач, организатор или учесник реализира многубројни семинари и обуки организирани од респектабилни домашни и меѓународни организатори (Фондација „Конрад Аденауер“, „Роберт Шуман Институт“, Меѓународниот републикански институт (IRI), Националниот демократски институт (NDI), УСАИД, Политичка академија на австриската народна партија (Politische Akademie der OEVP), Дипломатска академија на Австрија, Дипломатски институт, Европската академија од Берлин, Фондација Ханс Зајдел, National School of Government од Велика Британија, Public Administration Institute од Велика Британија, Regional Academy for Democracy и др).

Коавтор е на книгите/монографиите „Македонски правосуден прирачник“ (Скопје, 2007 г.), „Политички партии“ (Скопје, 2013 г., CIP 329 – преведено и на англиски и албански јазик), „Реторика“, „Реторика – историски и современи аспекти“, „Реторика и политика“ и на неколку дела/трудови објавени во домашни и меѓународни стручни и научни списанија.

Активно ги користи англискиот, германскиот и полскиот јазик. Има завршено музичко образование, отсек Виолина.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. Доктор на науки од соодветната научна област: кандидатот Јован Андоновски е доктор на правни науки, правни студии.
2. Остварен просечен успех од најмалку осум на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно: кандидатот Јован Андоновски има просек од 8,4 од додипломски студии и 9,8 од постдипломски студии;
3. Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Јован Андоновски | Public Opinion and EU Accession – Basic in Political Rhetoric | Меѓународен научен собир – Зборник на трудови | JEF Classification code: K3 – K36<br><br>Од 1998 година |
| 2 | Јован Андонвски | Protection of Unaccompanied Children in Migrant Crisis – Test for the European Union | Меѓународен научен собир – Зборник на трудови | JEF Classification code: K3 – K36<br><br>Од 1998 година |
| 3 | Јован Андоновски | Between Promise and Delivery – Fundamental Rights in the EU | Меѓународен научен собир – Зборник на трудови | JEF Classification code: K3 – K36<br><br>Од 1998 година |
| 4 | Јован Андоновски | Artificial Intelligence and Human Rights – Legal Challenge for the EU | Меѓународна научна конференција – Зборник на трудови | JEF Classification code: K3 – K36<br><br>Од 1998 |
| 5 | Јован Андоновски | Comparative Analysis of the Access to the Right to Asylum in the Republic of Macedonia and other Countries of the s.c. “Balkan Route” | Меѓународна научна конференција – Зборник на трудови | JEF Classification code: K3 – K36<br><br>Од 1998 |
| 6 | Јован Андоновски | Право на посвоените деца да го знаат своето биолошко потекло и идентитетот на своите родители | Четврта меѓународна научна конференција, Унверзитет „Гоце Делчев“, Правен факултет | Од 2014 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот остварил научноистражувачка дејност како докторанд на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Учествува во научноистражувачки и наставни проекти и тоа: Tempus: EU Industrial Property Law – Institution Buildings и Tempus: Regional Joint Degree Master of Intellectual Property Law. Исто така, кандидатот д-р Андоновски има научно-наставна и истражувачка дејност како докторанд во проектните активности на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

Со Одлука на ННС на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“, донесена на 23.2.2016 година, д-р Јован Андоновски е избран за насловен доцент по предметот Семејно право. Андоновски исто така има наставно-образовна дејност на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ на предметите Семејно право, Наследно право и Правосуден систем.

***Трудови***

1. Ј. Андоновски, В. Наумовски, М. Стојановска, Љ. Стефаноски. Монографија „Правосуден прирачник“ – во него се опфатени проблемите на правосудниот систем на Република Македонија. Оваа монографија има за цел да го олесни вклучувањето на младите правници во правниот систем на Република Македонија, да придонесе кон изборот на нивната идна професија како судии, адвокати, обвинители, медијатори, нотари, извршители и, секако, да им помогне на дипломираните правници професионално да ги решаваат проблемите и предизвиците кои произлегуваат од нивната секојдневна работа како приправници, стручни соработници во адвокатурата, судовите, јавното обвинителство, нотаријатот, извршителите, администрацијата и слично. Во монографијата се опфатени законските акти кои се значајни за професионалната ориентација на правниците, како и примери од поднесоци од неколку области кои имаат за цел да го олеснат почетокот на нивната практична работа во правната проблематика. Збирно, целта на оваа монографија е да даде придонес кон подобрување на стандардите во правосудството, како и во зголемување на ефикасноста и ефективноста на работата на правниците.
2. Јован Андоновски – „Реторика“ – Во ова дело е обработено прашањето за улогата на римската врз развојот на современата судска реторика. Во основа, постојат два начини на кои може да ѝ се пристапи на реториката. Едниот е класичен, научен, кој на реториката ѝ пристапува како на филозофска, морална и естетска категорија и кој во основа подучува како да се говори. Вториот пристап, пак, ја заобиколува теоријата и првенствено се занимава со практичните совети, односно како да се подготви говор, што да се говори, како да се избегне тремата, да се убедат слушателите и слично. Врвна мајсторија би било да се постигне научно доближување на овие два пристапи со што нема да се занемари ниту мудроста на раните векови, ниту правилата што произлегуваат од практиката. Оваа повеќедимензионалност отвора низа проблеми кои се наметнуваат како предизвик за обработување. Доаѓањето до нови сознанија не само што значи обид за расветлување на сите нејзини карактеристики, туку и обид за изнаоѓање на нови и подобри решенија и за теоријата, но и практиката. Поради комплексноста на прашањата кои се опфатени и разработени, прашањето за реториката ќе се разгледува пред сѐ во рамките на античкото особено римското влијание на развојот на реториката, со посебен осврт на правната реторика, притоа посветувајќи им соодветно внимание и на делиберативната (политичката) реторика и на пригодната реторика. Исто така, овој труд прави осврт на транзицијата и развојот на реториката низ вековите и развојните стадиуми, а ќе бидат разгледани и одредени прашања на современата реторика, како и улогата на римската во развојот на современата правна реторика. За многумина во нашиот модерен свет, зборот реторика има пејоративно значење. Најчесто на реториката се гледа како манипулација на вистината или ја поврзуваат со техника како нешто е кажано повеќе отколку што е кажано. Но, од антиката до денес, се смета дека изучувањето на уметноста на реториката е есенцијален елемент на добро заокружено образование. Реториката го

магнифицира влијанието на поединецот. Во секојдневната интеракција е потребно да се влијае на луѓето. Изучувањето на реториката ќе нè опреми со јазично орудие со кое ќе се стекне поголемо влијание. Реториката може да послужи за да нè направи подобри граѓани – zoon politikon. Во демократските општества, граѓанинот го зазема централното место. Тој има право слободно да говори и да одлучува. Преку стекнување знаења за реториката, токму граѓанинот може правилно да одлучува и да го артикулира сопственото убедување. Реториката е заштитник од интелектуален деспотизам. Уште од антиката, моќните луѓе ја користеле пропагандата како средство за контрола над масите. Во денешни услови рекламата е бенигно име за пропагандата. И двете се потпираат на емоционалната примена на влијание и промена на нашите размислувања и чувства за некоја кауза, позиција, одлука или производ. Доколку си дозволуваме да бидеме лесно манипулирани од пропаганда или реклама, ние дозволуваме контрола над нашиот ум и разум. Изучувањето на реториката ќе постави одбранбен систем околу нас, кој ќе ни овозможува да бидеме разумни и рационални. Реториката има моќ да нè подготви за конструктивна дебата. Граѓанинот треба да знае како да дискутира и да дебатира со сила на аргументот, ентузијазам и енергија, интелигенција и љубезност. Реториката бара едновремено да се говори добро и убаво. За тоа е потребен дар, но и учење. Овој труд ќе им послужи на студентите на правните факултети, како и на другите високообразовни институции што го обработуваат предметот Реторика во наставната програма. Исто така, трудот може да им послужи и на оние што се занимаваат со професии во кои се користи говорот како средство за комуникација (адвокати, судии, професори, политичари и др.).

**3.** М. Аќимовска Поленак, В. Бучковски, Г. Наумовски, Д. Апасиев, Ј. Андоновски, „Реторика – историски и современи аспекти“ - Ова четиво е мултидисциплинарно каква што, впрочем, е и реториката. Таа од своите корени па сè до денес ги окупира философите, литератите, правниците, политичарите, новинарите и сите оние кои ја практикуваат комуникацијата во нивното секојдневие.

Исто така, книгава е и плуралистичка, како и реториката. Таа, во основа, смета дека вистината се наоѓа во средбата меѓу двата збора – на оној кој говори и оној кој слуша, а сака да говори. Им служи и на трети лица, бидејќи подразбира дека, во секој случај, треба да се води сметка за верувањата и вредностите на сите кои се противници на изречената реч. Ова четиво може да се чита на различни начини и да се восприма различно. Преку него може да се добијат основните знаења за реториката како вештина и дисциплина, да се дознаат историските и современите аспекти на реториката, но и да се пронајдат практични совети како да се одржи еден добар говор, како да се учествува во дебата, како да се сфати намерата на противникот во спорот и, на крај, како да се победи. Затоа, книгава понекогаш е теоретско, а понекогаш практично четиво. Таа има претензии да објасни што е реториката која е практикувана уште од старите народи, но зошто и денес таа не го губи своето значење и својата вредност. Вечната реторика која цветала со општествените демократски движења, а која била замолчувана во диктаторските или авторитарните режими, секогаш има особина да се подмлади и повторно да се разгори и процвета со зајакнување на демократските тенденции. Меѓу другото, целта на оваа книга е и да помогне да се стекнат знаења за апликативна примена на реториката во интерпретацијата на различни текстови, како и да понуди херменевтички инструменти на студентите и на идните истражувачи. Четивото кое им се нуди на сите оние кои во центарот на своето интересирање ја ставаат реториката има повеќе претензии – да биде универзитетски учебник, но малку и нешто друго. Тоа е повеќезначна литература во која треба да дојде до израз истражувачкиот дух во воспримањето на бројната литература за реториката, но и искуството на авторите во работата со студентите во повеќедецениското организирање на Ораторските вечери „Иво Пухан“ кои традиционално се одржуваат на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Но, првенствена цел на оваа книга е да се промовира Сократовата мисла – моќта на зборовите да не биде злоупотребена, оти зборот, иако невидлив, има божествена моќ и може да направи чуда, да го предизвика разумот, да донесе среќа, но и несреќа.

**4.** А. Спасеновски, Ј. Андоновски – „Политика и реторика“ - Политиката претставува носечка активност со која луѓето, групирајќи се во одделни сегменти, настојуваат да ги остварат парцијалните и колективните замисли на локален, на државен, односно на меѓународен план. Освен ваквата т.н. „вертикална“ диверзификација, политиката како активност може да се анализира и од т.н. „хоризонтален“ аспект во смисла на темата на која се однесува истата, па според тоа се разликува: образовна, здравствена, социјална, културолошка, младинска политика итн. Низ призма на споменатото, во однос на начините на водењето на одредена политика можат, меѓу другото, да се разликуваат два периода; Првиот период, односно начин е кога политиката беше почетниот елемент на еден конфликт чија срж е употребата на сила; Вториот период, односно начин е кога политиката е почетниот елемент на една вербална ненасилна конфронтација чија срж е говорот, односно реториката. Имајќи го предвид споменатото, можеме да заклучиме дека и денес човекот се нема целосно преориентирано во вториот период, бидејќи насилните конфронтации како последна алатка во политиката сè уште силно се присутни. Меѓутоа, сепак, во предоминантна смисла на зборот, извесно е дека ја живееме ерата на политиката чија основна алатка е говорот, односно реториката. Почетокот на оваа ера од развојот се поврзува со востановувањето на претставничката демократија во вистинска смисла на зборот, како резултат на проширувањето на општото и еднакво право на глас на граѓаните во државите, од што, како историски феномен, се појавија денешните современи политички партии. Живеејќи во период кога партиите ја освојуваат власта на избори во фер и демократски натпревар, врската помеѓу реториката и политиката станува уште поцврста поради што се наметнува потребата од натамошна анализа на овој меѓусебен каузалитет. Последното, пак, претставува и основен мотив за пишување на делото „Политика и реторика“, кое настојува натамошно да го разјасни овој однос (политика – реторика), разработувајќи го истиот во еден општ (теоретски) контекст, но и во конкретна (практична) смисла преку примерот со Република Македонија (РМ). Трудот е составен од три дела. Првиот дел од книгата, кој се занимава со темата „политика“, е составен од две глави, при што во првата со наслов Воведни и теоретски прашања се анализирани клучните поими, процеси и категоризации какви што се поимите политика и власт, во чии рамки се обработуваат особеностите на една законодавна, извршна и судска власт, а потоа, врз основа на изнесеното, следува осврт на клучните системи на организација на државната власт, односно парламентарниот, претседателскиот, мешовитиот и собранискиот систем. Таквата теоретска основа, во втората глава, од овој прв дел на книгата со наслов Аспекти на политиката во РМ добива практична смисла во нејзините две глави: првата, во која е направена анализа на системот на организација на државната власт во РМ, и втората глава, во која е направен осврт на конкретните уставно-правни аспекти на партискиот систем на нашата држава. Така, преку овие две глави од овој прв дел се утврдуваат дел од клучните столбови на кои почива оваа широка тема, на што, во продолжение, се надоврзуваат информациите од вториот дел кој се занимава со прашањето на клучното „оружје“ на современата политика – реториката. Вториот дел од книгата, пак, посветен на реториката, се состои од шест дополнителни глави. Така, во првата глава со наслов Поим на реторика е даден осврт на прашањата: од каде потекнува реториката, како е дефинирана, што е цел на реториката и што не може да се класифицира како реторика. Во следната глава, пак, со наслов „Видови реторика“ е направена логична транзиција кон поделбата на говорите, односно реториката врз основа на следните параметри: содржината на говорот, начинот на подготовка, според аудиториумот и според техниката. Во главата што се надоврзува со наслов Значење на реториката е направен обид да се изложат јасните причини зошто реториката е значајна, особено за изучувањето и практикувањето на политиката, нејзините релации со етиката и кои се најзначајните функции на реториката. Четвртата глава е посветена на реториката во современиот век и нејзиниот однос со т.н. стара реторика. Понатаму, петтата глава од книгата е посветена на Елементи на реторика, со што се

прави спој помеѓу теоријата и праксата. Во неа се елаборирани основните елементи на практичната реторика: говорникот, публиката и говорот, како „свето тројство“ на реториката. Направен е и обид да се прикаже модел на организациска поделба на говорот со посебен фокус на стиловите на говор. На крајот, посебна, шеста глава е посветена на мостот помеѓу насловот на оваа книга: Политичката реторика. Следејќи ја логиката на претходната глава, политичката реторика е разработена низ моделот: говорник, аудиториум и говор. Врз основа на изнесените сознанија, во првиот и во вториот дел од книгата, следува третиот дел, со наслов Политика и реторика. Во овој дел, врз основа на изнесените сознанија во првите два дела од книгата, се разјаснети два каузалитети во овој заемен однос. Имено, во првата глава се разработува феноменот на „јавното мислење“ во смисла на ефектите од спроведувањето на една политика, додека во втората глава се разглобува самата реторика, во смисла на откривање на начините и својствата кои ја детерминираат нејзината успешност. На самиот крај, пак, низ призма на изнесените информации во трите дела од книгата, се поместени заклучните согледувања.

Д-р Јован Андоновски е автор на следниве трудови, објавени во зборници на меѓународни научни конференции, во меѓународни научни списанија или на национални научни конференции:

1. Ј. Андоновски. „Public Opinion and EU Accession – Basic in Political Rhetroic“. Овој труд е презентиран на Меѓународна научна конференција организирана од страна на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ Софија. Трудот прави осврт на јавната поддршка за Европската Унија (ЕУ) и процесот на пристапување на Република Македонија (РМ) во ЕУ, нешто кое беше предмет на истражување на јавното мислење од самиот почеток на овој процес, сепак, овој феномен не е испитан темелно. Недостатокот на специфични и систематски анализи на ставовите на јавноста за процесот на европска интеграција во Македонија резултира со бројни неодговорени прашања кои се однесуваат на динамиката на поддршката за овој процес и неговите основни детерминанти. Овој факт е уште поинтригантен бидејќи анализите на јавното мислење во земјите кандидати за членство во ЕУ можат да имаат три клучни импликации врз внатрешната политика: од резултатот за референдум за членство, преку влијанието на процесот на евроинтеграција врз домашната политичка дебата и изборните реторика, сѐ до влијанието на процесот на европска интеграција врз демократската консолидација во посткомунистички контекст. Затоа, ова истражување прави обид да ја пополни оваа празнина преку прелиминарни анализи на јавната поддршка за процесот на евроинтеграција во Македонија во периодот 2004 - 2014 година. Во овој контекст, овие анализи имаат две посебни цели. Првиот е да се дефинираат општите трендови на јавната поддршка за македонското членство во ЕУ и да се деконструира нејзината динамика. Втората цел е да се дефинираат најважните детерминанти на поддршката за процесот на европска интеграција, односно да се откријат клучните фактори кои влијаат на формирањето на јавни ставови поврзани со ова прашање. Трудот е јавно презентиран на конференцијата и објавен во зборник на трудови со меѓународен програмски одбор.

2. Ј. Андоновски, „Protection of Unaccompanied Children in Migrant Crisis – Test for the European Union“. Овој труд е презентиран на меѓународна научна конференција организирана од страна на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Софија. Европската Унија не успеа да ги заштити мигрантите и да обезбеди посебна заштита и грижа за децата без придружба и одвоени за време на огромниот мигрантски проток во Европа. И покрај ЕУ и другите меѓународни регулативи, ЕУ како целина и некои земји-членки не успеаја да воспостават и применат во пракса стандарди за квалитет, механизми за упатување и стандардизирани процедури при приемот и грижата за децата мигранти и азиланти, вклучително и во однос на поединецот

утврдување интерес, помош и поддршка за жртвите на насилство, сослушувања и интервјуа чувствителни на деца. Исто така, повеќе од очигледно е дека не постојат ефективни и ефикасни услуги за старателство за деца без придружба и одделени мигранти и бегалци. Целта на овој труд не е само да ја разработи правната рамка и минатото искуство во врска со ова, туку и да обезбеди некои нови идеи и изгледи за подобрување на заштитата на децата и изнаоѓање решенија за децата, семејствата, општествата и државите. Трудот е јавно презентиран на конференцијата и објавен во зборник на трудови со меѓународен програмски одбор.

**3.** Ј. Андоновски, „Between Promise and Delivery – Fundamental Rights in the EU“. Овој труд е презентиран на меѓународна научна конференција организирана од страна на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ Софија. Трудот е објавен во годината кога се одбележува единаесеттата година од формирањето на Агенцијата на ЕУ за фундаменталните права. Човечките и основните права се на пиедесталот на Европската Унија и може да се заклучи дека на тој план е постигнат значителен напредок. Сепак, соочувајќи се со иднината, може да се констатира дека има сè уште многу работи кои треба да се направат. Целта на овој труд е да ја посочи моменталната состојба и да предложи идеи за идната улога на ФРА (Агенцијата за основни права), конзистентноста во примената на Повелбата за основните права на ЕУ, како и посветеноста и комуникацијата на важноста на човековите слободи и права. Специфичната цел на овој напис е да ги приближи рамката на основните права во принцип и резултатите од основните права во пракса. Трудот е јавно презентиран на конференцијата и објавен во зборник на трудови со меѓународен програмски одбор.

**4.** Ј. Андоновски, „Artificial Intelligence and Human Rights – Legal Challenge for the EU“. Овој труд е презентиран на меѓународна научна конференција организирана од страна на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ Софија. Вештачката интелигенција е сè поприсутна во нашите животи, како одраз на растечката тенденција да се обраќаме за совет или да ги носиме нашите одлуките во целост потпирајќи се на современата технологија. Од друга страна, неповредливоста на човечкиот живот е централната идеја зад човековите права. Вештачката интелигенција генерира некои предизвици за човековите права. Европската Унија делува како пасивен набудувач во новата дебата што е од голема важност. Помеѓу формалните регулативи и „етичките упатства“ во областа на вештачката интелигенција, ЕУ треба да донесе одлука и да се позиционира сама по себе. Аргумент против регулирање на новите технологии е задушувањето на иновациите. Од другата страна на овој аргумент е потребата да се обезбеди рамка во која граѓаните ќе можат да бидат заштитени од закани по приватноста, автономијата, благосостојбата и други аспекти на човековите права што можат да бидат засегнати, бидејќи технологиите како вештачката интелигенција сè повеќе се вметнуваат во секојдневието. Сепак, ЕУ треба да усвои правна рамка што може да се развие во иднина, имајќи ги предвид придобивките од вештачката интелигенција. Трудот е јавно презентиран на конференцијата и објавен во зборник на трудови со меѓународен програмски одбор.

**5.** Ј. Андоновски, „Comparative Analysis of the Access to the Right to Asylum in the Republic of Macedonia and other Countries of the s.c. Balkan Route е објавен во меѓународното научно списание „Политичка мисла“. Што е човечка миграција? Зошто луѓето мигрираат? Што е мигрантска криза? Преку претставување на правната рамка во Република Македонија и дел од земјите на Балканскиот Полуостров со посебен осврт на правото на азил, се прави обид да се даде одговор на бројни прашања и дилеми поврзани со ова право, како и со сет на други прашања кои произлегуваат од корпусот на миграцијата.

**6.** Ј. Андоновски, „Право на посвоените деца да го знаат своето биолошко потекло и идентитетот на своите родители“ – Четврта меѓународна научна конференција, Универзитет „Гоце Делчев“, Правен факултет, Штип. Овој труд е објавен во зборник на трудови. Посвојувањето претставува значаен институт во семејно-правната регулатива. Уште од периодот пред кодификација на семејното законодавство во

Република Македонија и донесување на Законот за семејство во 1992 година, па сѐ до денес институтот посвојување како правен, општествен и социјален феномен беше една од темите за која се водеа бројни дискусии и јавни расправи во насока на подобрување на регулативата и остварување и афирмација на посебниот интерес на посвоениот. За жал, и покрај бројните напори кои резултираа со бројни измени и дополнувања на Законот, концепциски, посвојувањето по својата содржина остана непроменето, а измените наместо суштински повеќе беа од технички карактер во насока на дополнување на недоречености и правни празнини. Релевантен показател за тоа е фактот што и покрај сите напори, институтот посвојување сѐ уште не е во целост усогласен со Европската конвенција за заштита на човековите права, Меѓународната конвенција за правата на детето и Европската конвенција за посвојување на деца. Отсуството на усогласеност на македонското законодавство со меѓународните конвенции и примена на добрата пракса во областа на посвојувањето неспорно ги доведува во прашање психолошко-социјалните аспекти на заштитата на личноста и најдобриот интерес на детето, што е евидентно особено во отсуство на правна можност посвоените деца да го знаат своето биолошко потекло и идентитетот на своите родители.

Д-р Јован Андоновски учествува и во два научноистражувачки проекти, особено во дисеминација на резултатите од овие проекти. Исто така, д-р Андоновски одржува и неколку предавање на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на покана на професори од овој факултет. Д-р Андоновски одржува низа стручни предавања на меѓународни стручни проекти организирани од странски организации и фондации (академии, обуки и семинари).

***Приказ на магистерскиот труд***

Магистерскиот труд со наслов „Правната положба на перегрините во римското право и на странците денес“ претставува прв самостоен научен труд на оваа тема во Република Македонија. Се состои од десет поглавја и заклучни согледувања и предлози. Даден е приказ на правната положба на жителите на римската држава, поставеноста на правниот систем во неа, со посебен осврт на правната положба на странците (перегрините) во делот на семејното, наследното имотното и кривичното право, како и останатите права и обврски со кои располагале. Потоа, авторот дава преглед на развојот на правната положба на странците во Стариот Рим, како и во некои други правни системи од минатиот период. Во натамошниот тек на трудот, авторот прави транзиција низ вековите се до современото право, каде што во две посебни поглавја го разработува прашањето на правната положба на странците во меѓународното право во правниот систем на Република Македонија. Со тоа, оваа тема станува мултидисциплинарна, опфаќајќи го римското право, современото приватно право, како и меѓународното приватно право. На крајот, авторот дава заклучни согледувања и препораки за унапредување на правната положба на странците во современото право.

***Приказ на докторската дисертација***

Докторската дисертација со наслов „Улогата на римската во развојот на современата правна реторика“ претставува научно истражување од монументално значење, пред сѐ затоа што разработува една нова, специфична област на римското право. Напишана на околу 330 страници, со користена литература од преку 200 библиографски единици, оваа дисертација отвора ново поглавје во правната наука. Научната и општествена оправданост на темата произлегува од потребата за истражувања од областа на романистиката, во конкретниот случај, од областа на реториката, разработувајќи го прашањето за правната реторика, кое се разгледува, пред сѐ, во рамките на античкото, особено римското влијание врз развојот на реториката, со посебен осврт на правната реторика, притоа посветувајќи им соодветно внимание и на делибеrативната (политичката) реторика и на епидектичката (пригодната) реторика. Исто така, направен е осврт на транзицијата и развојот на реториката

низ вековите и развојните стадиуми, а разгледани се и одредени прашања на современата реторика, како и улогата на римската во развојот на современата правна реторика. Воедно, во дисертацијата посебно е разработено прашањето за присуството на правната реторика во македонското позитивно право. ***Значењето од оваа дисертација*** се согледува преку можноста за утврдување на потеклото и поимот на реториката, претставувањето на хронолошкиот преглед на историскиот развој на реториката, дефинирањето на реторичките системи во различните временски периоди од развојот на човештвото, како и утврдување на значењето на реториката. Дополнително, со истражувањето, се утврдени особеностите на општата и посебната реторика (делиберативна, форензична и епидектичка) со одделен осврт на правната (форензична) реторика. Исто така, дисертацијата придонесува за определување на карактеристиките на римската правна реторика и нејзиното влијание врз развојот на современата правна реторика. Дисертацијата дава предлози за можностите за нејзиниот натамошен развој. Од практичен аспект, истражувањето дава одговор на дилемата дали реториката во Македонија е на соодветно ниво на развој, рамномерно на демократските и општествено-економските состојби во државата, како и дали таа е комплементарна со развојот на реториката во Европа.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Во делот на стручно-апликативната дејност, д-р Андоновски бил ангажиран на повеќе позиции во стручни и државни тела, како претседател или член. Имено, кандидатот бил: 1. член на Генералниот колегиум на Влада на Р. Македонија; 2. член на комисии на Влада (човечки ресурси, комисија за политички систем); 3. Претседавач со Комитетот за стабилизација и асоцијација со ЕУ; 4. Член на Советот за стабилизација и асоцијација со ЕУ; 5. Претседавач на Специјалната група за Реформа на јавната администрација со ЕУ; 6. Член на Меѓуресорско тело за човекови права; 7. Потпретседавач на Работниот комитет за европска интеграција; 8. Претседавач на Работниот поткомитет за европска интеграција; 9. Претседавач на Заедничкиот комитет за развојна помош со Р. Словенија; 10. Претседавач на Експертска работна група за европски прашања со Р. Србија; 11. Член на работна група за децентрализација; 12. Член на работна група за изработка на Стратегија ЈИЕ (Југоисточна Европа) 2020; 13. Член на билатерална работна група за соработка со Р. Австрија; 14. Член на Комитет за туризам; 15. Член на Деловен совет на Универзитетот „Американ колеџ", 16. Член на ЕУИ Програмски комитет на ReSPA (Regional School for Public Administration – EU funded project), 17. Заменик на народниот правобранител, 18. Член на експертската мрежа „Protect", 19. Член на мрежата на Омбудсмани за заштита на правата од областа на животната средина.

Кандидатот има одржано пленарни предавања на бројни стручни и научни собири и тоа:

1. 9.5.2017, Дојран, „Катедра Аденауер", предавање на тема „Миграцијата како глобален проблем, правни предизвици", Фондација „Конрад Аденауер";
2. 25.4.2017, Скопје, Тркалезна маса „Улогата на граѓанските организации во креирањето на правна регулатива во најдобар интерес на децата и нивните права", „Меѓаши" и Правен факултет „Јустинијан Први";
3. 27.4.2017, Скопје, Школа за јавни политики „Мајка Тереза", ЦРСП и Совет на Европа, предавање на тема „Миграцијата и правата на децата";
4. 14.12.2016, Скопје, тематски состанок на омбудсманите на ЈИЕ, излагање на тема: „Улогата на Омбудсманот во заштита на децата бегалци – искуства од практиката";
5. 9.12.2016, Стокхолм, Шведска, излагање на тема „Challenges and good practices for transit countries in protecting unaccompanied children" Конференција за непридружуваните деца бегалци, Save the Children and Council of the Baltic Sea States;
6. 6-7.9.2017, Штип, Четвртата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", излагање на труд „Право на посвоените деца да го знаат идентитетот на биолошките родители";

**7.** 23.2.2017, Sofia, Political and Economic Impacts of Europe's Migrant Crisis, Hans Seidel Stiftung and EPI, излагање на тема: The Refugee Crisis in Macedonia – Implications on South East Europe;
**8.** 24.3.2017, Sandanski, Winter School of Diplomacy, Diplomatic Policy Institute and Hans Seidel Stiftung, предавање на тема: A European Agenda on Migration;
**9.** 28.9. - 1.10.2017, Bansko, Градење заедничка европска иднина, семинар, предавач и коорганизатор, Hans Seidel Stiftung и Институт за општествени истражувања – МК91;
**10.** 20/21.11.2017, Скопје учесник на конференција „Интеграција на косовските бегалци, трајни решенија и доброволно враќање, УНХЦР;
**11.** 23.3.2018, Сандански, Winter School of Diplomacy, предавање на тема: „The Impact of Migration on Europe";
**12.** 12-15.4.2018, Берово, Градење заедничка европска иднина, семинар, предавач и коорганизатор, Hans Seidel Stiftung и Институт за општествени истражувања – МК91;
**13.** 4-6.5.2018, Кавадарци, „Катедра Аденауер – The Future of the EU and the Western Balkans", предавање „Европските димензии во образованието", Wilfred Martens Center for European Studies, фондација „Конрад Аденауер";
**14.** 12.5.2018, Велес, „Меѓурелигиски час", Фондација „Конрад Аденауер" и Богословски факултет, предавање на тема: „Улогата на народниот правобранител во заштитата на правата на граѓаните";
**15.** 5-7.6.2018, Охрид, Летно училиште, Факултет за безбедност, Фондација „Конрад Аденауер" и Wilfred Martens Center for European Studies, предавање на тема „Миграцијата како феномен – правен и општествен предизвик за земјите на Западниот Балкан";
**16.** 26-29.9.2018, Сандански, Градење заедничка европска иднина, семинар, предавач и коорганизатор, Hans Seidel Stiftung и Институт за општествени истражувања – МК91;
**17.** 7-9.12.2018, Крушево, Neighbors in action seminar, предавање на тема: „The Importance of Rule of Law";
**18.** 24-27.1.2019, Праветс, Македонско-бугарски академски разговори, презентација на тема „Миграција, состојби и предизвици", Hans Seidel Stiftung, Public Policy Institute;
**19.** 27-28.2.2019, Banja Luka, Заштитата на животната средина, улогата на Омбудсманот, Мрежа на омбудсмани за заштита на животната средина и ОБСЕ, излагање на темата „Улогата на Омбудсманот во заштитата на правата од областа на животната средина";
**20.** 21.3.2019, Сандански, Winter School of Diplomacy, предавање на тема: „The Impact of Migration on the European Union";
**21.** 12-14.4.2019, Струмица, Building Bridges conference, Wilfred Martens Center for European Studies, Фондација „Конрад Аденауер", предавач на тема „Why Nations Fail";
**22.** 18-21.4.2019, Берово, Градење заедничка европска иднина, семинар, предавач и коорганизатор, Hans Seidel Stiftung и Институт за општествени истражувања – МК91;
**23.** 17-19.5.2019, Охрид, „Катедра Аденауер – The Future of Enlargement and Neighborhood Policy – EU in 2025", предавање, Wilfred Martens Center for European Studies, Фондација „Конрад Аденауер";
**24.** 28.5.2019, Скопје, Фондација „Конрад Аденауер" - програма за владеење на правото за ЈИЕ, тркалезна маса, излагање на тема – „Корупцијата и човековите права";
**25.** 21-24.11.2019, Берово, Македонско-бугарски академски разговори, презентација на тема „Миграција, состојби и предизвици", Hans Seidel Stiftung, Public Policy Institute;
**26.** 30.10.2019, Скопје, експертска дебата за човековите права „ЕСЧП и извршувањето на пресудите на ЕСЧП", организатор и говорник;
**27.** 31.10.2019, Скопје, експертска дебата, Религијата и правото, Фондација „Конрад Аденауер" програма за владеење на правото во ЈИЕ, излагање на тема „Религијата и човековите права";
**28.** 7-8.11.2019, Ниш, Regional Conference "Strengthening the capacity of the institution and increasing the accessibility of the Ombudsman to all citizens" Обраќање на тема: „The new role of the Ombudsman office as National rapporteur for trafficking of human beings and illegal migration".

Исто така, д-р Андоновски учествува и како претседател на организационен или програмски одбор на стручни и научни собири. Тој е член на организацискиот и уредувачкиот одбор на Меѓународната научна конференција при Катедрата за европски студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Софија.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Кандидатот д-р Јован Андоновски покажува голема способност за научноистражувачка, стручно-апликативна и организациско-развојна дејност и предиспозиции за наставно-образовна дејност што се констатира од објавените научни трудови, дела, учество на научни и научно-стручни конференции, семинари, работилници и учество во научноистражувачки проекти.

Врз основа на изложеното, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Јован Андоновски ги исполнува законските услови за избор во звање насловен вонреден професор и има чест и задоволство на **Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ да го предложи кандидатот д-р Јован Андоновски да биде избран во звање насловен вонреден професор во научната област семејно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Дејан Мицковиќ,** редовен професор, претседател, с.р.
**Д-р Ангел Ристов,** вонреден професор, член, с.р.
**Д-р Игор Камбовски,** редовен професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 4 | | 30 | | | | 30 |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **1** | | 10 | | | | **10** |
| **2** | | 3 | 6 | | | 18 |
| **3** | | 4 | 15 | | | 60 |
| **6** | | 18 | 3 | 10 | 6 | 114 |
| **18** | | | | 1 | 2 | 2 |
| **20** | | | | 1 | 2 | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **206** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **5** | | 1 | 2 | | | **2** |
| **6** | | 2 | 3 | | | **6** |
| **7** | | 11 | 2 | 10 | 4 | **62** |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **70** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **306** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА 1 (ЕДЕН) НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ДИРИГИРАЊЕ И КОМПОЗИЦИЈА И ЏЕЗ АНСАМБЛ НА МУЗИЧКАТА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1402-69/7 од 23.9.2020 година донесена на 68. седница на Наставно-научниот совет на Музичката академија, одржана на 23.9.2020 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на 1 (еден) наставник во насловно звање вонреден професор за наставно-научните области 60909 диригирање и композиција и 60916 џез ансамбл на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

– **м-р Сашо Поповски**, вонреден професор за наставно-научната област видови на инструменти џез гитара, вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за претседател;
– **д-р Гоце Гавриловски,** редовен професор од наставно-научната област фолклористика - вработен на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за член;
– **д-р Ангеле Михајловски,** редовен професор од наставно-научната област видови на инструменти – пијано - вработен на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, за член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ на 5.9.2020 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката **насловен доцент м-р Ивана Јанков**.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката доц. м-р Ивана Јанков е родена на 15.6.1975 година во Бор, Р. Србија. Своето музичко образование го започнува во Нижо музичко училиште „Д-р Милое Милоевиќ“ во Крагуевац, каде што го продолжува и своето средно образование и матурира на теоретскиот оддел во 1994 година.

Во 1994/1995 година кандидатката се запишува на Факултетот за музичка уметност на Универзитетот на уметности во Белград, каде што дипломира на Катедрата за диригирање во класа на ред. проф. м-р Даринка Матиќ-Маровиќ. Како дел од дипломскиот испит кандидатката диригира вокално-инструментално дело „Магнификат“ од Ј.С. Бах. На 26.3.2001 година студиите ги завршува со просечна оценка 10 по главен предмет - Диригирање и просечна оценка на студиите 8,09 и се стекнува со звање дипломиран диригент.

Во учебната 2010/2011 г. се запишува на втор циклус студии на Одделот за теорија на музиката и музичката педагогија на Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Магистрира на 13.6.2013 г. со трудот „Музичките изразни средства и нивните особености во вокалната кантата Псалми од композиторот Стојан Стојков“ со просечна оценка на магистерски студии 9 и се стекнува со звање магистер по теорија на музика и музичка педагогија.

Работно искуство во наставата го стекнува во Белград (Р.Србија) во Средно музичко училиште „Ватрослав Лисински“ (2000/2002) и Основно училиште „Стеван Сремац“ (1998/2000). Од 2002 година е жител на Штип.

Од учебната 2011/2012 година е ангажирана на Музичката академија при УГД како лице кое помага во наставата, потоа како стручњак по практика, а од 21.1.2016 г. се стекнува со насловно звање доцент и изведува настава по предметите: Хорско диригирање, Хорско пеење, Оркестар, Хорска литература и Свирење на хорски партитури, како и Хорско пеење

(универзитетски предмет). За потребите на наставата кандидатката Ивана Јанков има рецензирана скрипта „Основи на хорско диригирање 1“, која се наоѓа во е-библиотеката на УГД. Покрај тоа има приредено интерни скрипти по предметите Хорска литература и Свирење на хорски партитури.

Кандидатката има зад себе менторство на 14 дипломски труда на Одделот за теорија на музиката и музичката педагогија/ насока Хорско диригирање на Музичката академија при УГД, Штип.

Како диригент има работено со: „Градски хор“, Штип (2014 - до денес), Хор при работилница на YEN (Youth of Europian Nationalities) (2014), Хор при Одделот за скандинавистика при Филолошкиот факултет на Универзитетот во Белград (2000-2002), Младински женски хор „Падинке“, Белград (1998-2002), Академски камерен хор „Лицеум“, Крагуевац - асистент на диригентот (1994-1997).

Како диригент на хор/оркестар има одржано преку 30 самостојни, целовечерни концерти во земјава и во регионот.

За потребите на ансамбли со кои работи, таа има реоркестрирано и аранжирано повеќе дела од класичната, џез и популарната музика.

За работата како диригент и промотор на уметничката музика добива награди и признанија. Ќе ги спомeнеме најбитните:

– Признание за промоција и популаризација на хорската музика на првиот Божиќен хорски фестивал во Ќустендил, Р. Бугарија (2018);
– Осмоноемвриско признание на Општина Штип за промовирање и афирмирање на Штип и култура на хорското пеење преку „Градски хор“, Штип (2017);
– Лауреат на Божиќниот хорски фестивал - диригент на „Градски хор“, Штип (2018);
– Арт-фестивал „Дојрана“ - 1. награда во категорија Оркестри - диригент на камерен оркестар на Музичката академија при УГД, Штип (2014).

Организатор е и уметнички директор на Фестивалот на камерни хорови и вокални ансамбли - АСТИБО-ФЕСТ, Штип, кој до сега имал три изданија.

**Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.**

Општи услови за избор:

– Просечен успех од прв и втор циклус студии 8,55;
– Научен степен - магистер од научната област за која се избира;
– Претходен избор во насловно звање доцент на 21.1.2016 година;
– Објавени 7 научни труда во референтна научна публикација, како и два реферата во научно-популарни списанија, од кои, во период од 2016 до 2020 година;
– 3 научни труда и два реферата во научно-популарни списанија (примерок од трудови и реферати се наоѓаат во предадената документација, а наслови и кратка евалуација во поглавјето Научноистражувачка дејност;
– Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик. Во документацијата се наоѓа сертификат за познавање на англиски јазик на ниво А2;
– Способност за изведување на високообразовна дејност.

Посебни услови:

– Учество во научноистражувачки проекти, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати. Кандидатката Ивана Јанков редовно објавува трудови во Зборникот на трудови на Музичката академија при УГД, Штип;
– Успешно дејствување во соодветната област на уметноста. Во периодот од 2016 до 2020 година, кандидатката Ивана Јанков како диригент бележи 12 целовечерни концерти, како и 31 учество на концерти и манифестации во земјава и во странство (Црна Гора, Србија, Албанија и Бугарија). Во приложената документација се наоѓаат

докази за остварени концерти, а во табелата се издвоени 6 концертни изведби значајни за афирмација на културата на хорското пеење, промоција на македонско хорско творештво, како и џез и популарна македонска музика во аранжмани за мешан хор.

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Место на одржување | Датум на одржување |
|---|---|---|---|---|
| 1 | диригент | Новогодишен концерт на „Градски хор“ | Дом на млади, Штип | 12.12.2019 |
| 2 | диригент | „Во духот на традицијата“ - целовечерен концерт на „Градски хор“ во рамки на XIII Меѓународен фестивал на камерни хорови | Стара скупштина, Крагуевац, Р. Србија, | 20.08.2019 |
| 3 | диригент | Новогодишен концерт на Градски хор | Кино-сала Делчево | 21.12.2018 |
| 4 | диригент | Годишен концерт на хорот на Музичката академија при УГД, Штип | Дом на млади, Штип | 10.05.2018 |
| 5 | диригент | Целовечерен концерт на Градски хор | Дом на култура, Ресавица, Р.Србија | 21.04.2018 |
| 6 | диригент | Целовечерен концерт на Градски хор | Позориште, Парачин, Р.Србија | 20.04.2018 |

– Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници. Кандидатката доцент м-р Ивана Јанков бележи менторство на 14 дипломски труда од областа на хорско диригирање. Изведува практична настава по хорско диригирање во соработка со хорот на Музичката академија при УГД, Штип и со „Градски хор“ од Штип со цел младите диригенти/студенти да го применат знаење стекнато во текот на изучувањето на предметот Хорско диригирање. Организира и реализира Јавен час на студентите кои го изучуваат предметот Хорско диригирање;
– рецензиран учебник, скрипта и практикум или авторско ЦД.

За потребите на наставата кандидатката м-р Ивана Јанков има издадено рецензирана скрипта „Основи на хорско диригирање 1“ – проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска; м-р Ивана Јанков, Штип, Универзитет „Гоце Делчев“, Факултет за музичка уметност, 2014

ISSBN 978-608-244-013-2

78.071.2:781.68 (075.8)

скриптата е поставена во е-библиотека на УГД, на адреса https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=274&ugd=1d3a28d1cfa7719edc3974dbe6806336

Покрај тоа, таа изработи интерни скрипти за предметите Хорска литература и Свирење на хорски партитури.

**Наставно-образовна дејност**

* 2018 - до денес – во насловно звање доцент во наставно-научните области диригирање и композиција и џез ансамбл;
* м-р Ивана Јанков изведува настава по предметите: Свирење на хорски партитури (2+2); Хорска литература; Оркестар; Хорско диригирање; Хорско пеење; Пеење хорски партитури; Основи на хорско пеење (сите 2+1); Хорско пеење - Универзитетски предмет на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
* 2016-2018 – во насловно звање доцент во наставно-научните области диригирање и композиција и џез ансамбл изведува настава по предметите: Свирење на хорски партитури (2+2); Оркестар; Хорско диригирање; Хорско пеење; Пеење хорски

партитури; Основи на хорско пеење (сите 2+1) на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип;

* 2014-2016 г., ангажирана е како стручњак по практика по предметите: Оркестар, Хорско диригирање, Свирење на хорски партитури (2+1) на ФМУ при УГД во Штип;
* 2012/2013 г., ангажирана е како стручњак по практика по предметите: Хорско диригирање, Хорско пеење и Свирење на хорски партитури (2+1)на ФМУ при УГД во Штип;
* - 2011/2012 г., ангажирана е како лице кое помага во наставата по предметите: Хорско диригирање, Хорско пеење и Свирење на хорски партитури (2+1) на ФМУ при УГД во Штип;
* Од горенаведеното се забележува зголемување на обемот на стручниот ангажман на кандидатката м-р Ивана Јанков, што подразбира дека таа има квалитети за изведување на високообразовна дејност. Таа се обидува на студентите да им понуди пракса низ концерти, јавни часови, презентации, посета на концерти, а покрај тоа и индивидуални и групни аналитички активности во рамки на наставата. За потребите на наставата, таа има реоркестрирано и аранжирано повеќе дела од класичната и џез музиката, за оркестар и за хор.

**Научноистражувачка дејност**

Во научните трудови објавени во Годишните зборници на трудови на Музичката академија при УГД, Штип; списание „Музика“ и Зборник на трудови на Струшка музичка есен, кандидатката доцент м-р Ивана Јанков се насочува главно кон осознавање на суштината на музичкото дело низ анализа на музичките параметри, кои пак драматуршки влијаат врз кулминативниот тек на делото. Во трудовите, таа ги анализира, како хорски, така и оркестарски дела претежно од македонски композитори, со цел осознавање и промоција на македонската уметничка музика. Во период од 2016 до 2020 година, кандидатката доцент м-р Ивана Јанков изготви три реферата, објавена во зборникот на трудови на Музичката академија при УГД, Штип.

| Бр. | Наслов на трудот | Списание | Година |
|---|---|---|---|
| 1 | „Подготовка на репертоар за хор како прва фаза од диригентската работа со акцент на анализа на хорското дело“ | Годишен зборник на Музичката академија при УГД, Штип (во фаза на печатење) | 2020 |
| 2 | „Драматургија и нејзиниот развој низ особеностите на музичките и вонмузичките изразни средства во композицијата ̎Македонско оро ̎за мешан хор од композиторот Тодор Скаловски“ | Годишен зборник на Музичката академија при УГД, Штип<br><br>ISSN 1857-7296<br><br>781.6:781.68]:784.3.087.684.(497.7) | 2018 |
| 3 | „Мелодиски, хармонски, метроритмички и темброви карактеристики и нивната функционалност во градењето на нетипичен симфониски циклус – ̎Недовршена симфонија ̎од Франц Шуберт“ | Годишен зборник на Музичката академија при УГД, Штип<br><br>ISSN 1857-7296<br><br>781.4:781.62/63]:78.082.1 | 2017 |

Следи куса евалуација на трудовите претставени во табелата.

1. Во трудов кандидатката м-р Ивана Јанков се обидува да го прикаже „невидливиот“ дел од диригентската работа, кој пак е прва и најзначајна фаза во подготовката

на хорскиот репертоар. Овој труд има за цел да им помогне на студентите кои го изучуваат предметот Хорско диригирање во понатамошна самостојна диригентска активност;

**2.** Во трудов фокусот е на синергијата на текстуалната содржина и музичките параметри во градењето на драматуршкиот тек во делото „Македонско оро“ од композиторот Тодор Скаловски, кое патем претставува едно од најизведуваните дела од македонски композитори во светот;

**3.** Трудот е насочен кон музичките параметри и нивните особености во нетипичниот симфониски циклус, кој содржи само два става. Се поставува теза дали тоа навистина е недовршено дело или е сепак заокружена целина. Целта на трудот е да се анализира драматуршкиот тек и да се запазат кулминативните моменти во формата која не претставува правило, туку исклучок.

Сите трудови изработени од кандидатката м-р Ивана Јанков поседуваат поттик за изведувачот/диригентот да ја преземе улогата на посредникот помеѓу композиторот и публиката, со цел што поавтентично да се разберат и применат замислите на композиторот во изведбата на делата, како хорски, така и оркестарски.

**Стручно-уметнички активности**

Во периодот од 2016 до 2020 година, кандидатката доцент м-р Ивана Јанков бележи 12 самостојни концерти и 31 настап на концерти и фестивали во земјава и во странство (наведени се во табелата под ред. бр. 6 и 8, како и во табелата концерти).

**Самостојни концерти во Македонија од 2016 до денес/ концерти со времетраење од 60 до 90 минути**

Шест концерти се наведени во табелата концерти во поглавјето Посебни услови за избор.

- Целовечерен концерт на Градски хор - Штип под назив „Во духот на традиција...“ во Македонска Каменица - Дом на култура, 7.11.2019;
- Целовечерен концерт на Градски хор - Штип под назив „Во духот на традиција...“ во Кочани - Кино-сала, 4.10.2019;
- Новогодишен концерт на Градски хор - Штип - Мултимедијален центар „Киро Глигоров“ - Штип, 17.12.2018;
- Самостоен концерт на Градски хор - Штип во Пехчево - Дом на култура Пехчево, 15.6.2018;
- Новогодишен концерт на Градски хор - Штип – Дом на млади Штип, 14.12.2017;
- Новогодишен концерт на Градски хор - Штип – Дом на млади, Штип, 21.12.2016;
- Самостоен концерт на Градски хор - Штип во рамки на Штипско културно лето – Амфитеатар на НУ-У Библиотека „Гоце Делчев“, Штип, 18.7.2016.

**Концерти во странство од 2016 до денес/**
**концерти со времетраење од 60 до 90 минути**

Самостојни концерти во странство се наведени во поглавјето Посебни услови за избор (Евидентирани во табелата под ред. бр.6).

**Учество на концерти, манифестации и фестивали во земјава/**
**настапи со времетраење до 20 минути**

- Настап на Градски хор - Штип на „Осоговска староградска вечер“, Крива Паланка, 8.7.2019;
- Диригент на Градски хор - Штип на Третиот меѓународен фестивал на камерните хорови и вокални ансамбли - АСТИБО-ФЕСТ, Дом на млади - Штип, 6.7.2019;
- Диригент на Градски хор - Штип на одбележување на патронатот на касарната „Јане Сандански“, Штип, 23.4.2019;
- Диригент на Градски хор - Штип на свечена академија по повод одбележување на Холокаустот - свечена сала на Општина Штип, 12.3.2019;

- Диригент на Градски хор - Штип на концертот по повод празникот Масленица - свечена сала на Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“, Свети Николе, 7.3.2019;
- Диригент на Градски хор - Штип на Новогодишната манифестација „Новогодишна бајка“ во организација на Општина Штип, 28.12.2018;
- Диригент на Градски хор - Штип на свечената седница на доделувањето на 8. Ноемвриски признанија - свечена сала на Општина Штип, 8.11.2018;
- Диригент на Градски хор - Штип на свеченото отворање на Прв меѓународен турнир во борење - Спортска сала „Јордан Мијалков“, Штип, 8.11.2018;
- Диригент на Градски хор - Штип на концертот по повод одбележување на Светскиот ден на лица со интелектуална попреченост, во соработка со ЦПЛИП „Порака“ - уметничка галерија Безистен, Штип, 30.10.2018;
- Учество на Градски хор - Штип на Третиот интернационален фестивал на старогорадска песна - Дом на култура Крива Паланка, 20.10.2018;
- Диригент на Градски хор - Штип на четириесеттата годишнина од работната акција „Плачковица“ - плато пред одморалиштето на УГД, 15.9.2018;
- Учество на Градски хор - Штип на XII Меѓународен фестивал „Саноќ седам...“, Радовиш, 18.8.2018;
- Настап со Градски хор - Штип на „Осоговска старогорадска вечер“, Крива Паланка, 8.7.2018;
- Диригент на Градски хор - Штип на Вториот меѓународен фестивал на камерните хорови и вокални ансамбли - АСТИБО-ФЕСТ, Дом на млади - Штип, 6-7.7.2018;
- Диригент на Градски хор - Штип на манифестацијата Четр’се – Дом на млади Штип, 22.3.2018;
- Диригент на Градски хор - Штип по повод одбележување на Денот на Холокаустот – свечена сала на Општина Штип, 11.3.2018;
- Диригент на Градски хор - Штип на Новогодишната манифестација „Новогодишна бајка“ во организација на Општина Штип, 26.12.2017;
- Диригент на Градски хор - Штип на манифестацијата „Новогодишен фестивал и базар“ во Свети Николе, 24.12.2017;
- Диригент на Градски хор - Штип на свечената седница на доделувањето на 8-мо ноемвриски признанија - свечена сала на Општина Штип, 8.11.2017;
- Диригент на Градски хор на 12. традиционален самостоен концерт на КУД „Ристо Донев-Учителот“ – Дом на култура - Штип, 25.12.2017;
- Диригент на Градски хор - Штип на „Штипска разгледница“ во рамки на манифестацијата „Штипско културно лето”, Штип, 18.7.2017;
- Диригент на Градски хор - Штип на Првиот меѓународен фестивал на пејачки групи - АСТИБО-ФЕСТ 2017, Дом на млади, Штип, 7.7.2017;
- Диригент на Градски хор - Штип на одбележување на патронатот на касарната „Јане Сандански“, Штип, 21.4.2017;
- Диригент на хорот и оркестарот на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип на Новогодишниот концерт на ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ и МА при УГД Штип – Дом на култура Штип, 28.12.2016;
- Диригент на Градски хор - Штип на манифестацијата Четр’се – Дом на млади Штип, 22.3.2017;
- Диригент на Градски хор од Штип на настапот по повод 20 години Општина Карбинци, 9.6.2016;
- Диригент на Градски хор - Штип на одбележување на патронатот на касарната „Јане Сандански“, Штип, 22.4.2016.

**Учество на концерти, фестивали и манифестации во странство/ настапи со времетраење до 20 минути**

- Настап со Градски хор - Штип на 2. Меѓународен божиќен хорски фестивал, Ќустендил, Р.Бугарија, 7.12.2019;
- Учество на Градски хор - Штип на Првиот меѓународен Божиќен хорски фестивал, Ќустендил, Р.Бугарија, 7.12.2018;
- Учество на Градски хор - Штип на фестивалот „Пеј срце“ - Ќустендил, Р. Бугарија – 1-2.9.2018;
- Учество на Градски хор - Штип на Меѓународниот фестивал „Будва-фест“, Будва, Р. Црна Гора, 25.-29.8.2018;
- Учество на Градски хор - Штип на фестивалот „Пеј срце“ - Ќустендил, Р. Бугарија – 9-10.9.2017;
- Учество на Градски хор - Штип на 7. Интернационален фестивал Дурес-фест во Драч, Р. Албанија, 23-28.6.2017;
- Учество на Градски хор Штип на XXII фолклорен фестивал - Костандово, Р.Бугарија, 19.-21.5.2017;
- Гостување на Градски хор - Штип на Божиќниот концерт во Ботевград, Р.Бугарија, 16.12.2016;
- Учество на Градски хор - Штип на фестивалот „Пеј срце“ - Ќустендил, Р. Бугарија – 10-11.9.2016;
- Гост диригент на концертот „Сви Лицеумови људи“ по поводот 25-годишнина од хорот - Крагуевац, Р.Србија - 26.12.2015 (Податоците се евидентирани во табелата под р.бр. 8).

– Кандидатката м-р Ивана Јанков е уметнички директор на Фестивалот на камерни хорови и вокални ансамбли АСТИБО-ФЕСТ (2017, 2018, 2019)
(Во табелата р. бр. 19.)
– Член е на стручното жири на фестивалот Макфест 2019.
(Во табелата р.бр. 20.)

- Од горенаведеното се изведува заклучок дека кандидатката интензивно концертира во земјава и во регионот (Црна Гора, Албанија, Србија и Бугарија), учествува на фестивали, учествува во организација на фестивали и е поканета од организаторите да биде дел од стручното жири на Фестивалот „Макфест“. Со концертната активност покажува дека нејзиниот професионален напредок подеднакво се развива, како во теориска, аналитичка насока, така и во практична, изведувачка.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

– Медикус - Информативен гласник на ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО - ШТИП - реферат „Хорското пеење и негови физиолошки, психолошки и социјални бенефити“ (втор дел) година III, број 29, 2020 година (табела под р.бр.5);
– Медикус - Информативен гласник на ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО - ШТИП - реферат „Хорското пеење и негови физиолошки, психолошки и социјални бенефити (прв дел)“ година III, број 28, 2019 година (табела ред.бр.5);
– Кандидатката е добитник на признание за зачувување, промоција и афирмација на хорската уметност доделено во рамки на Божиќниот хорски фестивал во Ќустендил (2018), како и Осмоноемвриско признание на Општина Штип (2017) (наведено во табелата под р.бр. 19);
– Менторство на 14 дипломски испити од областа на хорско диригирање (табела под р.бр.28);

- Реферати објавени во научно-популарно списание, добиените признанија за промоцијата на хорската музика, како класична, така и џез, потоа менторство на 14 дипломски трудови покажуваат голем стручен потенцијал и укажуваат на непрекинат подем во стручното усовршување на кандидатката доцент м-р Ивана Јанков. За почит е и нејзин труд да ја сочува и продолжи традицијата на хорската уметност

во Македонија, преработувајќи ги и „нехорски“ жанрови во хорски, сѐсо цел на студентите да им всади љубов кон музиката и да им го посочи патот со кој хорската музика може и треба да се приспособи на денешните музички и општествени трендови.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од севкупната наведена наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-уметничка дејност, како и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатката, констатираме дека м-р Ивана Јанков ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање насловен вонреден професор за наставното-научните и уметнички области диригирање и композиција и џез ансамбл, наведени во член 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни и уметнички и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Врз основа на наведеното доцент м-р Ивана Јанков претставува личност која во широк обем ги задоволува критериумите поставени во Конкурсот. Кандидатката, преку остварените досегашни активности, покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за научноистражувачката дејност преку објавени трудови, за стручно-уметнички активности преку активно концертирање и диригирање. Особена чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на **Наставно-научниот и уметнички совет да го усвои нашиот предлог и кандидатката м-р Ивана Јанков да се избере во насловно звање вонреден професор за наставно-научните и уметнички области диригирање и композиција и џез ансамбл на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Сашо Поповски,** вонреден професор, претседател, с.р.
**Д-р Гоце Гавриловски,** редовен професор, член, с.р.
**Д-р Ангеле Михајловски,** редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | | | | | | |
| **4** | **Избор во звање насловен доцент** | 1x30 | 30 | | | **30** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **5** | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови, на научен собир** | 3x2 | 6 | | | **6** |
| **6** | **Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба - 12 целовечерни концерти (9 во земјава, 3 во странство)** | 9x3 | 27 | 3x6 | 18 | **45** |
| **8** | Одржано предавање по покана од научна институција, музички настап на официјален концерт - 31 музички настап во траење до 20 минути (21 во земјава, 10 во странство) | 21x2 | 42 | 10x3 | 30 | **72** |
| **12** | Одбранета магистерска теза | 1x4 | 4 | | | **4** |
| **19** | Претседател на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал - Уметнички директор на АСТИБО-ФЕСТ, Штип (фестивал на камерни хорови и вокални ансамбли) во 2017,2018 и 2019 година | 3x2 | 6 | | | **6** |
| **20** | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал (член на жири на Макфест 2019) | 1x1 | 1 | | | **1** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **134** |

| Р. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 5 | **Труд во стручно (научно-популарно) списание** | 2x2 | 4 | | | **4** |
| 19 | **Стручни награди и признанија**<br><br>**- Осмоноемвриско признание на Општина Штип (2017);**<br><br>**- Признание за афирмација на хорска музика, Ќустендил, Р. Бугарија (2018)** | 1x4 | 4 | 1x8 | 8 | **12** |
| 28 | **Член на факултетски орган, комисија (член во 14 комисии за одбрана на дипломски труд - во улога на ментор)** | 14x2 | | | | **28** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **44** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **208** |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ОПШТО И СПЕЦИЈАЛНО ГРАДИНАРСТВО” ОД АВТОРОТ ДОЦ. Д-Р ДАНИЕЛА ДИМОВСКА, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1302-134/7 од 181. редовна седница на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет одржана на ден 18.11.2020 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **проф. д-р Љупчо Михајлов,** Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
– **вон. проф. д-р Фиданка Трајкова,** Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ПРАКТИКУМ ПО ОПШТО И СПЕЦИЈАЛНО ГРАДИНАРСТВО”** од **доц. д-р Даниела Димовска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот „Практикум по општо и специјално градинарство” од авторката доц. д-р Даниела Димовска е пишуван според Наставниот план и програма за предметите Градинарство и Специјално градинарство. Предметот Градинарство се изучува на сите студиски програми од првиот циклус на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, во втора година, четврт семестар, како изборен предмет со неделен фонд на часови 2+1+1, со 4 кредити и код 2ZF111117. Предметот Специјално градинарство се изучува на студиската програма Градинарство на прв циклус студии на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, во четврта година, седми семестар, како задолжителен предмет со неделен фонд на часови 3+2+2, со 8 кредити и код 2ZF111517. Ракописот е наменет за реализирање на вежбите по предметите Градинарство и Специјално градинарство, преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може да се реализираат барањата на предметната програма за реализација на вежбите и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот на ракописот:** Содржината на ракописот, кој е наменет за издавање на учебно помагало во вид на практикум по предметите Градинарство и Специјално градинарство, е претставен во текст од вкупно 67 страници, со 12 слики и 9 табели.

Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 11. Ракописот е подготвен според критериумите и стандардите согласно со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Обемот на ракописот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и е во согласност со наставната програма за реализација на вежбите по предметите Општо градинарство и Специјално градинарство.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Практикум што обработува иста содржина за реализација на вежбите од предметите Градинарство и Специјално градинарство на УГД досега не е објавен. Ракописот како целина и начин на обработка на материјата, претставува автентичен и оригинален практикум за реализација на вежби.

**Краток опис на содржината:** Ракописот е напишан на лесен, едноставен и разбирлив јазик достапен за студентите на прв циклус. Одбраните вежби се дел од предвидената наставна програма за предметите Градинарство и Специјално градинарство.

Практикумот се состои од 13 вежби, поделени во два дела, Општо градинарство и Специјално градинарство. Првите 5 вежби се однесуваат на наставната содржина од предметот Градинарство, додека од предвидените вежби од вежба 6 до вежба 13 се однесуваат на предвидената наставна содржина од предметот Специјално градинарство. Во продолжение се дадени насловите на поединечните вежби.

**I.** Општо градинарство
Вежба 1 - Земање примероци на семе за контрола на квалитет
Вежба 2 - Испитување на квалитетни својства на семе – Чистота на семе
Вежба 3 - ’Ртливост на семе и употребна вредност на семе
Вежба 4 - Определување на апсолутна маса на семе
Вежба 5 - Испитување на влага на семето

**II.** Специјално градинарство
Вежба 6 - Класификација на зеленчуковите култури
Вежба 7 - Плодови зеленчуци
Вежба 8 - Плодови зеленчуци од фам. Cucurbitaceae
Вежба 9 - Мешункасти зеленчуци
Вежба 10 - Листостеблени (зелкови) зеленчуци
Вежба 11 - Лиснати зеленчуци
Вежба 12 - Лукови зеленчуци
Вежба 13 - Коренови зеленчуци.

Во **вежба 1** е објаснето значењето на употреба на здрав и квалитетен семенски материјал за добивање на високи и стабилни приноси во градинарското производство. Обработени се темите за земање примероци на семе за контрола на квалитет, подготовка на работен примерок на семе за лабораториско испитување и чување на работниот примерок за лабораториска анализа.

Во **вежба 2** е дадено објаснување за основната цел за испитување на чистотата на семето и одредување на чистотата на семето од работниот примерок. Во вежбата е дадена формула за одредување на чистотата на семе на испитуван примерок и практичен пример за одредување на овој параметар.

Во **вежба 3** е посветена на испитувањето на ’ртливоста на семето на партијата семе и пресметка на употребната вредност на семе од градинарски култури. Објаснети се типовите подлоги кои се користат се користат за испитување на ’ртливоста на семето и условите за испитување на ’ртливост на семето кај најзначајните градинарски култури. Во вежбата се дадени два практични примери поврзани со испитување на ‘ртливоста на семе и еден пратичен пример за пресметка на употребната вредност семето.

**Вежба 4** се однесува на определување на апсолутна маса на семе, бидејќи познавањето на апсолутната маса на семето е значајно за определување на нормата на семе потребно за сеидба. Преку вежбата, студентите имаат за цел да ја одредат апсолутната маса кај семе од праз за добиени вредности за маса на семето на 100 семки.

**Вежба 5** се однесува на параметарот испитување на влага на семе. Во вежбата се дава опис за апаратурата и деталната постапка за испитувањето на влагата во два работни примероци семе, како и формула за пресметка на процентот на влага на семе од домат.

**Вежба 6** посветена на класификација на зеленчуковите култури според различни критериуми. Даден е детален преглед и класификација на градинарските култури според: ботаничката припадност, оптималните температури за раст и развој, должината на животниот циклус и консумативен дел (органот од растението кој се користи за исхрана).

**Вежба 7** е посветени на групата плодови зеленчуци што ги опфаќа градинарските видови што се одгледуваат заради плодот или семето и кои се берат во раните фази,

односно од многу млади до сосема зрели. Во оваа група на зеленчуци спаѓаат видовите од фамилијата Solanaceae кај кои за консумација служат месестите плодови - бобинки, во технолошка или физиолошка зрелост. Детално се објаснети градинарските култури домат, пиперка и патлиџан. Студентите имаат практична задача да ги обележат морфолошките карактеристики на растение од домат и плод од пиперка.

**Вежба 8** се однесува на плодовите зеленчуци од фам. Cucurbitaceae, со детално објаснување на ботаничките и морфолошките карактеристики на краставица, диња, лубеница и три различни видови тиква. Студентите имаат задача да ги обележат морфолошки карактеристики на лубеницата.

**Вежба 9** е посветена на мешункастите зеленчукови видови од фамилијата Fabaceae. Детално се објаснети ботаничките и морфолошките карактеристики на грашок (*Pisum sativum* L.), - боранија/грав (*Phaseolus vulgaris* L.) и бакла (*Vicia faba* L.), како најзначајни мешункасти култури за градинарското производство.

**Вежба 10** се однесува на голема група листостеблени зеленчуци, каде што спаѓаат зеленчукови видови од фамилија Brassicaceae, кои водат потекло од Медитеранот, некои делови на Франција и Англија. Во вежбата детално се објаснети ботаничките и морфолошките карактеристики на најзначајните зеленчуци од оваа група како: зелка, кељ, кељ папчар, карфиол, броколи, лисна зелка и кинеска зелка.

**Вежба 11** обработува видови зеленчуци од кои се консумираат листовите со лисните дршки. Во вежба 11 е даден детален опис на културите салата (*Lactuca sativa* L.), ендивија (*Cichorium endivia*) и спанаќ (*Spinacea oleracea*), кои имаат најголемо стопанско значење.

**Вежба 12** е посветена на луковите зеленчуци каде што спаѓаат видовите кај кои за консумација од примарно значење е задебелена луковица. Освен луковиците, за исхрана служат и листовите, кога растенијата се во помлади. Обработени се ботаничките и морфолошките карактеристики на кромид, праз и лук, а студентите имаат задача да ги обележат вегетативните и генеративните органи кај кромид.

**Вежба 13** се однесува на кореновите зеленчуци каде што спаѓаат видовите кај кои за консумација служи главно задебелениот корен. Во рамките на оваа голема група зеленчукови култури опишани се седум стопански значајни култури (морков, магдонос, пашканат, целер, цвекло, рдоква и ротквичка). Студентите имаат задача да ги одбележи морфолошките карактеристики на морков.

**Цитираната литература** е соодветна за реализација на содржините од овој практикум. Сите тематски поглавја во практикумот поткрепени се со соодветно цитирана литература од домашни и странски еминентни автори и научници од областа физиологијата на растенијата.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот со наслов „Практикум по општо и специјално градинарство" од авторката доц. д-р Даниела Димовска во целост ги задоволува потребите на наставниот план и програма по предметите Градинарство и Општо градинарство за реализација на вежбите за студентите на прв циклус студии на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Ова учебно помагало ги исполнува сите стандарди на практикум поради што сметаме дека ќе им биде од голема корист на студентите да се запознаат со најважните градинарски култури и нивните ботанички и морфолошки карактеристики.

Рецензентската комисија му предлага на **Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип ракописот „Практикум по општо и специјално градинарство" од авторката доц. д-р Даниела Димовска да биде издаден како учебно помагало – практикум.**

**Рецензенти**

**Проф. д-р Љупчо Михајлов,** с.р.
**Вон. проф. д-р Фиданка Трајкова,** с.р.

## Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА РАКОПИСОТ „МЕНАЏМЕНТ НА КВАЛИТЕТОТ ВО ТУРИСТИЧКАТА ИНДУСТРИЈА” ОД ПРОФ. Д-Р ЕЛИЗАБЕТА МИТРЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2102-34/7 од 237. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на ден 20.1.2021 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **проф. д-р Нако Ташков,** редовен професор во пензија, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзтитет „Гоце Делчев” – Штип;
– **доц. д-р Оливер Филипоски,** Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**МЕНАЏМЕНТ НА КВАЛИТЕТОТ ВО ТУРИСТИЧКАТА ИНДУСТРИЈА**” од **проф. д-р Елизабета Митрева**, наменет за студентите од трет циклус студии на студиската програма Туризам и угостителство на Факултетот за туризам и бизнис логистика факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Учебникот „МЕНАЏМЕНТ НА КВАЛИТЕТОТ ВО ТУРИСТИЧКАТА ИНДУСТРИЈА“ е наменет главно за студентите од трет циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Предметот се изучува на студиската програма Туризам и угостителство во прв семестар и ја покрива наставната материја со оптовареност 2 (два) часа неделно т.е. 24 (дваесет и четири) часа по семестар.

**Податоци за обем на ракописот:** Проблематиката што е предмет на обработка е претставена во текст од вкупно 336 страници, од кои на 332 страници е претставен основниот текст, на 4 страници се поместени 94 релевантни библиографски единици, од монографски единици, периодични списанија, статии, извештаи и интернет страници, во најголем дел странска литература што ги покрива подрачјата што се третирани во трудот. За полесно совладување на изнесената проблематика авторот дава голем број шеми, за сѐ што може на сликовит начин да се претстави, со цел полесно да се разбере од страна на читателот. Во ракописот има практични примери од реални системи со цел да се види апликативната примена на методологиите кои даваат јасна претстава за соодветната тематика.

**Обемот на трудот и неговата содржина:** ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебникот е напишан на оригинален начин и во него е поместена теоријата на менаџментот на квалитет во туристичката индустрија со посебен акцент на унапредувањето на процесите, производите и услугите. Авторот на учебникот прилично амбициозно нуди одговор на прашањата со кои се соочува современото туристичко и хотелско работење. Во овој учебник е нагласено значењето на ориентацијата на туристичката индустрија кон квалитетот во задоволување на потребите и барањата на туристите кое станува императив, важен елемент за разликување на добрата и услугите и клучен елемент на лојалноста на туристите кон одредени

туристички места. Суштината на ориентацијата кон квалитетот се гледа во неговата можност истовремено, да обезбеди пазарно ширење, зголемување на продуктивноста, оптимизацијата на трошоците и подигање на нивото на квалитетот. Овој пристап е присутен, како кај хотелите што работат самостојно, така и кај оние кои се составен дел на големите компании и хотелски групи настанати преку заеднички вложувања, франшизи, менаџмент или други интеграциони процеси. Учебникот за управување со квалитетот во туристичката индустрија е посветен на примената на општите принципи и стандарди во хотелиерството и системите за управување со квалитет, со посебен акцент на системот за тотално управување со квалитетот (Total Quality Management - TQM). Всушност, фокусот е ставен на анализа на клучните претпоставки поврзани со начинот на кој треба да се планираат, организираат, воспостават и контролираат активностите, како и континуираното подобрување на квалитетот во хотелската индустрија.

Јазикот на кој е напишан овој учебник е јасен и разбирлив, а дефинициите на поимите во него се технички прецизни.

**Краток опис на содржината:** Учебникот „Менаџмент на квалитетот во туристичката индустрија" се состои од деветнаесет тематски целини: 1. Значење на квалитетот во туризмот и хотелиерството; 2. Глобализацијата и промените во туризмот и хотелиерството; 3. Карактеристики на квалитетот во хотелиерството 4. Систем за управување со квалитет; 5. Систем за тотално управување со квалитетот (TQM – Total Quality Management); 6 Примена на TQM системот во хотелиерството; 7. Потребата од деловна совршеност во хотелиерството; 8. Значењето на стандардите во хотелскиот бизнис; 9 Стандарди од серијата ISO 9000 - Систем за управување со квалитетот; 10. Примена на еколошки стандарди во хотелиерството – серија ISO 14001:2015; 11. Систем за управување со безбедноста на храната – Стандард ISO 22000:2018 (од нива до трпеза); 12. Барањата на системот за управување со здравјето и безбедноста при работа - ISO 45001:2018; 13. Општествена одговорност на компаниите и усвојување на стандардот 26000:2018; 14. Спроведување политики за заштита на животната средина на еко хотели; 15. ISO 18513: 2003 - Стандард за систем за управување со туристички услуги; 16. HOTEQ 500 - Систем за управување со квалитет во хотелите; 17. Улогата на корисниците на услугите во обезбедувањето на квалитетот во хотелската индустрија; 18. Контрола на квалитетот во хотелиерството; 19. Примери од практика и истражување.

Пред да ги истакнеме нашите оценки за трудот, како и предлогот, најнапред во скратена форма ќе ја презентираме неговата содржина.

*Во првото поглавје* од учебникот е опфатено значењето, улогата и потребата од управувањето со квалитетот во туризмот и хотелиерството и претставува вовед во оваа интересна област. Во ова поглавје се опфатени и разработени основните концепти на квалитетот, како основна вредност на услужните дејности, каде што авторката укажува на клучните причини за примена на истите. Анализирана е важноста на квалитетот за развојот на услужните дејности преку местото на услугите во економскиот развој, позицијата на туризмот во структурата на меѓународниот бизнис и улогата на хотелиерството во меѓународниот економски развој.

*Во второто поглавје* авторката ја разгледува глобализацијата и промените во туризмот и хотелиерството како и новите трендови што го следат новиот начин на живеење.

*Во третото поглавје* авторката се осврнува на карактеристиките на услужната дејност кои влијаат на квалитетот на хотелскиот производ, компонентите и нивоата на хотелскиот производ и формите на изразување на квалитетот во хотелиерството. Главната поента на авторката во ова поглавје е анализата на клучните карактеристики и димензии на квалитетот на хотелските услуги, кои дефинитивно влијаат на перцепцијата на корисниците на хотелски услуги.

На проблематиката поврзана со суштината во управувањето со квалитетот во туризмот и хотелиерството, како и развојот на системите за управување со нив авторката го посветила *четвртото поглавје* во учебникот. Целокупниот процес на управување со хотелите значи остварување на нивните општи цели, врзани, пред сѐ, за квалитетот,

ресурсите, позицијата на пазарот, профитабилноста, заштитата на животната средина, безбедноста и здравствената сигурност на туристите и вработените и исправноста на храната.

*Петтото поглавје* од учебникот авторката го посветила на развојот на поединечните системи за управување со квалитетот по фази на нивното создавање, со посебен осврт на филозофијата на TQM системот (Total Quality Management).

*Во шестото поглавје* авторката го насочува фокусот на вниманието кон важноста на TQM (тотален менаџмент на квалитет) системот за хотелското работење, принципите на кои се темели, потребните условите за негово усвојување, постапката за воведување, како и придобивките што ги има претпријатието од имплементација на истиот. Оваа глава ја обработува структурата на хотелската организација и започнува со анализа на глобалната организациона структура, базирана на принципите на TQM системот, како вовед во организацијата на хотелската структура. Потоа се анализира функционирањето на клучните хотелски услуги (сместување, храна и пијалаци), техниката на работење (анализа на активностите на деловните единици, основните деловни операции во процесот на работење) како основа на хотелското функционирање. Авторката ги обработува прашањата поврзани со управувањето со системот (управувањето со раководството, управувачките модели и делегирање на овластувањата) и воспоставување на управувачки контролен механизам.

Значајно внимание за моделите на деловна совршеност како пат кон остварување на врвен квалитет и прикажување на најпознатите модели во светот (The Deming Application Prize, Malcolm Baldrige National Quality Award - MBNQA, European Quality Award – EQA, како и предлог македонски модел на деловна совршеност) авторката посветила во *седмото поглавје.* Овде авторката го разработува македонскиот модел на деловна совршеност.

Клучните меѓународни стандарди кои претставуваат основа за воспоставување систем за управување во хотелското работење, односно серијата стандарди ISO 9000 или Системи за управување со квалитет, авторката ги разработила *во осмото поглавје.*

Познавање на стандардизацијата на услугите како основа за квалитет во хотелското работење е содржана во *деветтото поглавје* од учебникот. За авторката, имплементацијата на оваа филозофија се реализира преку градење „куќа на квалитет“, со цел да се даде слика за односот помеѓу барањата на купувачите, нивната претстава за квалитетот на услугите и други податоци кои се однесуваат на конкурентите, а пред сѐ на вредноста на услугата. Во ова поглавје покрај прашањата поврзани со важноста и улогата на стандардите за квалитетот во хотелиерството авторот ги обработува и внатрешните и надворешните стандарди.

*Во десеттото поглавје* авторката ја разработува проблематиката на темата за примената на еколошките стандарди во хотелиерството – серија ISO 14001:2015, како и содржината на основните карактеристики на серијата стандарди ISO 14001:2015.

Анализата на серијата стандарди за безбедност на храна (HACCP систем, ISO 22000:2018 и HALAL стандард) е обработена во *единаесеттото поглавје.*

Во *дванаесетто поглавје* се обработува стандардот ISO 45001:2018 (OHSAS 18001) или систем за управување со заштита на здравјето и безбедноста при работа.

*Тринаесеттото поглавје* ја елаборира општествената одговорност на компаниите и усвојувањето на стандардот 26000:2018. Овде авторката дава насоки за усвојување на овој стандард за воспоставување корпоративна одговорност во хотелскиот бизнис.

Креирањето и спроведувањето политики за заштита на животната средина на еко хотелите е дадено во *четиринаесеттото поглавје*.

*Во петнаесеттото поглавје* е елабориран ISO 18513: 2003 или Стандард за систем за управување со туристички услуги, додека *шеснаесеттата глава* го третира HOTEQ 500 стандардот или Систем за управување со квалитет во хотелите.

*Во седумнаесеттото поглавје* авторката акцентот го става на корисниците на услугите во обезбедувањето квалитет во хотелската индустрија, како и мерење на нивното задоволство од хотелските услуги. Во ова поглавје авторката дава анализа за улогата на услугите во обезбедувањето квалитет во хотелиерството, а пред сѐ за местото и улогата

на туристите како корисници на услугите во процесот на создавање и испорака на истите. Појдовна основа во тие процеси се потребите и желбите на туристите и нивната подготвеност за вклучување во овие процеси. Во тој контекст, авторката го анализира односот на вработените и службите кон гостите од аспект на нивната подготвеност за почитување на забелешките, сугестиите и предлозите на гостите. Според авторката, на ваков начин се придонесува за подобрување на производите и услугите и остварување на задоволството на туристите. Во ова поглавје детално се анализираат елементите кои влијаат на очекуваната и доживеаната услуга. Овде се разгледуваат причините кои доведуваат до неусогласеност на потребите, желбите и барањата на туристите со квалитетот на хотелските услуги и начините на нивно надминување. Поглавјето завршува со прикажување на методите и техниките кои се користат за мерење на задоволството на туристите со квалитетот на услугите.

Во *осумнаесеттото поглавје* авторката го обработува прашањето за контрола на квалитетот во хотелиерството. Во ова поглавје авторката се посветува на прашањата поврзани со содржината и значењето на контролата во процесот на создавање и испорака на хотелските услуги, следење на производно-услужниот процес, мерење на резултатите и преземање корективни мерки (ако за тоа има потреба). Овде авторката укажува на видовите на контрола и нивното значење во обезбедувањето квалитет во хотелиерството. Авторката го завршува ова поглавје со прикажување на интернетот како глобален инструмент за контрола на квалитетот и критериумите на база на кои се врши оценување на квалитетот на хотелите.

*Во последното поглавје* авторката дава анализа од истражувањата по проектот „Модел за подобрување на перформансите во хотелската индустрија и туризмот во Македонија", каде што е главен истражувач. Според авторката истражувањето е направено како обид да се согледа постојната состојба во хотелската индустрија и туризмот во Македонија во доменот на проектирањето, имплементацијата и сертификацијата на системот за квалитет. Успешност на пазарот може да се постигне само ако деловните процеси се проектираат и се реализираат со оптимално искористување на ресурсите, со цел работите да се извршат најдобро од прв пат, без рекламации, без загуби на време и на задоволство на сите корисници. Според авторката, податоците добиени од истражувањето ги обединија искуствата и реалноста на значаен број сертифицирани организациски системи во хотелската индустрија и туризмот во Македонија. Во ова поглавје авторката претставува неколку научни трудови публикувани во меѓународни научни списанија каде се публикувани податоците добиени од истражувањето, нивната анализа, како и принципите и стратегиите кои помогнале и дале корисни насоки во изработката на модел за подобрување на организациските перформанси, во дефинирање на мерките за остварување на одржливите деловни системи, во поттик на иновативноста, во давање придонес на јакнење на врските помеѓу хотелската индустрија и туризмот, научно истражувачката работа и иновациите.

Посебно што треба да се истакне во ова наше мислење е дека во учебникот следат практични примери од реални системи каде што студентите и читателите можат лесно и едноставно да ги разберат предложените методологии и да ја видат нивната апликативност во управувањето со системите.

## ЗАКЛУЧОК

Овој учебник претставува уште еден обид на авторката да претстави научен материјал со висок квалитет во кој се даваат можности за стекнување пошироки знаења од областа на управувањето со системите во хотелиерството и туризмот и можноста за нивна примена во оваа дејност.

Врз основа на изложеното, може да се заклучи дека предложениот ракопис за учебник по предметот „Менаџмент на квалитетот во туристичката индустрија“ е сосема во согласност со студиската програма Туризам и угостителство и наставниот план на Факултетот за туризам и бизнис логистика. Учебникот од педагошки и научен аспект го поседува потребното ниво соодветно за студентите на трет циклус студии. Според наши сознанија, ваков учебник, која по обемот и содржината, на оригинален начин, разработува примери, прашања и нуди решенија, а која одговара на предвидената наставна програма по предметот „Менаџмент на квалитетот во туристичката индустрија“ на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип не е објавен.

Согласно со ова, на **Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со задоволство му го препорачуваме учебникот „Менаџмент на квалитетот во туристичката индустрија“ од авторката проф. д-р Елизабета Митрева да го прифати како РЕЦЕНЗИРАН УЧЕБНИК.**

**Рецензенти**
**Д-р Нако Ташков,** редовен професор во пензија
од Факултетот за туризам и бизнис логистика,
при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.
**Д-р Оливер Филипоски,** доцент
на Факултетот за туризам и бизнис логистика,
при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови**
**одобрени од наставно - научниот совет на единицата**

| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|---|
| **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ** | 1. Превенција и рехабилитација на фрактури на клавикула кај децата | 2002-217/33 од 28.12.2020 г. | Проф. д-р Ленче Николовска | Пане Андов |
| **ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ** | 2. Усвојување на говорниот чин одбивање од македонските изучувачи на германскиот како странски јазик | 1902-36/12 од 26.1.2021 г. | Проф. д-р Билјана Ивановска | Бисера Ушинова |
| **МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА** | 3. Модалноста во џезот | 4402-37/5 од 27.1.2021 г. | Проф. м-р Антонијо Китановски | Драги Димитровски |